**СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ**

**од Четвртото продолжение на Седумдесет и првата седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 20 јули 2004 година**

Седницата се одржа во Собранието на Република Македонија, сала 1, со почеток во 10,5 часот.

На седницата претседаваше господинот Љупчо Јордановски, претседател на Собранието на Република Македонија.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се молат пратениците да влезат во салата, да продолжиме со работа.

Почитувани пратеници, продолжуваме со работа по 71-та седница на Собранието на Република Македонија.

Пратениците Ристе Бислимовски, Есат Рахиќ, Ангелка Пеева-Лауренчиќ, Трифун Костовски, Љубчо Ѓорѓиевски, Љубе Бошковски, Сашко Кедев, Петар Наумовски, Чедомир Краљевски, Орданчо Тасев, Аднан Ќахил, Марјан Ѓорчев, Ганка Самоилова-Цветановска, Љупчо Балковски, Спиро Мавровски, Љупчо Мешков, Абулади Весели, Ванчо Георгиев, Али Ахмети, Теута Арифи, ме известија дека се спречени да присуствуваат на седнцицата.

Бидејќи не ја заврши дискусијата г-динот Коце Трајановски, повелете уште пет минути да ја довршите.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам, претседателе,

Јас вчера не ја завршив дискусијата , денеска ќе се обидам. Би сакал да потенцирам , уште еднаш да повторам, со оглед на тоа што вчера имаше многу обвинувања за движењето “Зора”, дека тие се главните виновници поради кои што раселените од Арачиново , не се враќаат во своите домови. Јас би сакал да потенцирам дека такво здружение нема во раселените од Матејче, меѓутоа, сепак и тие од истите причини поради кои не се враќаат раселените од Арачиново не се

враќаат и од Матејче. Значи воопшто не држи констатацијата дека движењето “Зора” е тоа кое што ги тера раселените од Арачиново , да не се враќаат по своите домови. Инаку и вчера потенцирав, и денеска сакам уште еднаш да потенцирам дека главната причина , поради која што раселените не се враќаат во Липковскиот регион, не само во Матејче, ниту во другите ргиони, е само поради безбедносните причини.

Инаку, сакам да потенцирам дека македонците и албанците во Арачиново имаат живеено заедно повеќе од 50 години, значи и пред повеќе од 50 години бројот на албанците во Арачиново бил многу мал. Значи помалку од 20%. Сега доаѓаме во состојба, после етничкото чистење кое што настана во 2001 година, сега имаме скоро 100% етнички чисто Арачиново. Значи само за 50 години само од 20% се оди на 100% етничко чисто население. Сега се прашуваме која беше главната цел на војната во 2001 година и затоа можеби после територијалната поделба вознемиерено е неалбанското население, поради начинот, поради принципот, поради тоа што досега се случувало како пракса во Република Македонија постепено да имаме етнички чисти албански територии. Мислам на тоа треба да работи самото албанско население за да може да создаде доверба дека можат тие заедно да живеат во еден ист простор, на едно исто населено место. Вака праксата е многу лоша, значи таа дава многу лоши пораки и затоа населението е исплашено од таквиот начин на практикување на заедничко живеење и затоа стануваат вознемирени.

Исто така сакам да потенцирам што повеќе пати сум го потенцирал. Јас во 2001 година бев пратеник во единица 65 во која што беше и општина Петровец каде што има и чисто етнички албански територии со кое што со моето делување сумпридонел таа криза да не се пренесе и таму. Затоа сметам дека вината ја сносат и пратениците и првите луѓе во тој период на територијата и во Липковско и во Арачиново, бидејки тие со своето делување би можеле да придонесат оваа криза да не ескалира во дадените места каде што тие биле избрани за пратеници , туку напротив , никаде ги немаше иако г. Хисни Шакири беше од другата страна и беше еден од создавачите на таа криза, а вчера го гледавме во своите дискусии со мировни пораки, со тоа што сака доверба, бара доверба, ги бара луѓето да се вратат во своите домови, меѓутоа, за еден човек што ја создаде таа криза незнам колку може тој истиот да ја врати довербата кај раселените.

Сметам дека на овој проблем на раселените не му се дава значење во последните две години и затоа сметам дека Владата треба да направи големи

напори за да можат овие раселени лица пред се , и над се , да ја вратат довербата и за меѓусебното живеење, за да можат да се вратат во своите домови.

Затоа се прашувам, доколку сето ова ние не го направиме значи како Република Македонија , со оглед на големиот број на раселени лица, истот ака и големиот број на територија во која што сеуште неалбанското население во Република Македонија со страв се движи низ тие територии, или пак воопшто не се движи.

Само да ја земеме територијата од населбата Ченто преку Арачиново, Куманово, сметам дека ретко кој од македонското население дење, а да не зборуваме ноќе не би смеело да се движи по оваа територија. Пред се, повторно ќе речам треба тоа да ги загрижи видените лица од албанската националност, кои што претставуваат некој фактор таму за да можат тие да разговараат да го убедуваат населението, за да може таа територија да биде слободна во случај на движење секој без страв да може да се движи низ таа територија.

Јас би сакал да прокоментирам нештократко и вов рска со заклучоците.

Значи во заклучокот број еден вели дека безбедносната состојба е нешто подобрена и јас се согласувам со тоа и вчера го реков тоа, меѓутоа далеку од тоа за да таа подобрена безбедносна состојба, значи сигурно враќање на населените лица.

Исто така се вели дека има повреда на слободите и правото утврдени со Уставот на Република Македонија , особено во делот на неповредливост на правото на слободно движење, правото секој да избира место за своето живеалиште. Значи огледно правата на раселените се повредени. Тие имаат поведено и судски постапки против сето тоа, и затоа треба да се најде кој беше одговорен за кризата во 2001 година, и кој на овие луѓе ќе треба да им ја надомести штетата штие раселени лица повеќе од три години не се во своите домови, поради разрушените нивни домови и поради сето она од имотот што им е украдено, одземено или исчезнато.

Исто така, би скал да кажам, дека во вториот заклучок исто вели дека Владата на Република Македонија, и задолжените министерства да преземат итни мерки и активности со цел да се подобрат основните услови за сместување и исхрана во колективните центри. Понатаму во образованието на децата и така натаму.

Значи, овде би сакал да потенцирам дека Владата на Република Македонија би требала да процени за колку време тие внатрешно раселени лица од Арачиново и од Липковскиот регион, а како што рекоа и од Анкетната комисија и други, доколку

се јават со свои претстфки до Собранието дека има такви раселени лица во Република Македонија би требало да се предвиди колкав е тој рок со кој може со сигурност да им се гарантира безбедноста на тие лица, ако се вратат во нивните домови. Доколку е тој период голем, а еве овие три години покажаа дека навистина е голем , во тој случај треба на овие лица да им се дадат алтернативни места за живеење, во кој што места на живеење навистина ќе имаат барем нормални услови за живеење. Бидејки три години, ние знаеме и Анкетната комисија тоа многу убаво го прикажа во своите извештаи, вокакви мизерни услови живеат тие луѓе во домовите и на сите оние места каде што се тие раселени. Мислам дека тие услови се крајно мизерни, крајно понижувачки за луѓето кои што во својата земја се внатрешно раселени. Затоа и вчера кажав дека внатрешно раселените лица од Арачиново негледајки во државата дека има чувство за да им излезе во пресрет, повеќе од 50% од нив градат свои живеалишта во Илинден, во Кадино, во Трубарево, во Марино и во сите околни блиски места, се со цел, да можат да ги заштитат своите фамилии и да не ги доведат уште еднаш во таква драматична состојба и во таква опасност по нивниот живот, како што беше во 2001 година.

Исто така меѓународните институции и организации сметам дека недоволно ги разбираат проблемите на внатрешно раселените лица во Република Македонија, особено гледајки го одговорот на тие меѓународни институции кон здружението “Зора”, во кој што сметаат дека главен виновник за невраќањето го набедуваат ова здружение. Сметам дека е голема грешка и тие навистина треба да го гледаат проблемот во сршта. Значи проблемот е во безбедносните причини, а не во останатите причини како што сака да се наведе , меѓутоа, незнам поради кои причини меѓународните организации и институции на ова прашање му приѓаат во сосем друг аспект. Невладините организации исто така сметам дека треба да бидат многу поактивни во градењето на доверба, меѓутоа, сепак нивниот ангажман мислам дека е многу мал и поради тоа внатрешно раселените лица во Република Македонија сеуште тоа не го чувствуваат.

Значи, јас ќе ги поздравам заклучоците, меѓутоа, сметам дека се недоволни и сметам дека Владата на Република Македонија треба да изнајде начин да направи и времени живеалишта со нормални услови за живеење или да им даде место каде што ќе живеат вонормални услови, се додека не се создадат безбедносни услови за нивното безбедно враќање во нивните домови. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Трајановски. Јас уште еднаш апелирам дискусиите да бидат кратки во рамкит ена она што е дадено како заклучоци и извештаи. Вчера и завчера видовме во која насока се водат овие дискусии, само се девалвира трудот и на Комисијата, а и се девалвираат заклучоците, бидјеки ќе остават сомнеж дека не се вистинити тие заклучоци.

Госпоѓа Станковска Славица има реплика.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Благодарам претседателе, господине Коце Трајановски, јас ја почитувам вашата грижа за раселените лица и за правите жртви во конфликтот што се случи во 2001 година. Ама не можам да разберам како вие сега се прашувате , кој е виновен за конфликтот во 2001 година кога вие бевте на власт. Вие повикувавте и сакате да барате алиби дека мотивот за конфликтот и за војната во 2001 година била етничкото чистење на регионите во кои живеат етнички албанци. Ако сме до крај совесни и свесни барем што се однесува до Липковскиот регион, јас од сите контакти што сум ги имала на почетокот што се во тој регион, а денеска се водат како внатрешно раселени лица, во ниеден случај не рекоа дека нивните соседи албанци ги истерале од нивните домови, туку дека актуелната власт во тоа време ги повикала да ги напуштат сопствените домови. Тоа значи дека причината лежи во неШто друго, а вие најдоброја знаете таа причина.

Кога се повикувате на причината зошто луѓето не сакаат да се вратат во сопствените домови, јас не ги познавам приликите во другите делови и незнам какви се приликите во Арачиново, но многу добро знам дека причината поради која луѓето од Липковскиот регион не се за да се вратат најмалку лежи во небезбедноста на нивните животи, кога би се вратиле во сопствените домови. Тие инсистирања на претставници од Владата и при инсистирање на претставници од Меѓународната заедница и при наши инсистирања да ги потпишат билатералните договори за да им се направат семејнит екуќи,не сакаа да ги потпишат, барем од она што јас го имам како сознание и контакти со нив, тие наведуваат дека тоа е многу мал 75 квадрати. Јас се обидов да им објаснам дека сега државата не е во состојба да ги нарпави сите оние надохнади на штети што ги претрпеле за време на контактот, но ако се сетиме дека Германија 50 години плаќаше некое оштетување, можеби некогаш и ние ќе бидеме во состојба и ќе можеме на луѓето тоа да им го надохнадиме. Дури од

контакти со луѓе кои сакаат тоа да го направат и да ги потпишат тие договори да им се изградат семејни куќи, под притисок на други луѓе тоа не го прават. Така да сакам да бидете објективи, она што го имаме во Извештајто, тоа е само еден сегмент, само еден мал дел. Тоа е трудот на луѓето што го направиле, но со вашите дискусии вие ги изместувате работите и ја дезинформирате јавноста. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Трајановски имате контра реплика.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Почитувана колешке Славицие,изгледа вчера, а да не рачам дали бевте тука, меѓутоа г. Бејта многујасно и чисто кажа кој ја почна војната и зошто ја почна војната. Многу јасно кажа. Вие изгледа тоа не сакате да го најдете, со оглед на тоа што сте коалициони партнери, а ВМРО-ДПМНЕ беше крива и за Косовската војна и за Босанската и за Ирачката, одејки по вашата логика. А тоа дека актуелната власт ги повикува да ги напуштат своите домвои, јаа можам да ви кажам дека дента во четвртокот вечерта  пред испразнување на Арачиновојас сум стоел два часа да излезат од Арачиново, во кој што албанските фамилии го напуштаа Арачиново. Една кола по пет шест пати се враќаше и ги празнеше. Јас лично бев кај градоначалникот на Арачиново заедно со началникот на полиција да го прашаме што се случува. И во село Арачиново македонците незнаат што да прават.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г. Трајановски.

Повелете г. Рафис Алити, имате три минути.

РАФИС АЛИТИ:

Благодарам претседателе, навистина од координаторот на  парламентарната група на ВМРО-ДПМНЕ се кажаа многу невистини кои одат на штета на граѓаните , без оглед на која заедница и припаѓаат, македонци или албанци. Работите на терен не стојат така како што беа кажани од негова страна и ние не го обвинивме друштвото “Зора”, туку друштвото “Зора” неколку пати даваше сигнали во минатото , токму во времето на владеење на ВМРО-ДПМНЕ и нивните партнери во коалицијата дека треба да се формираат населби во градот каде раселените  од нивните

огништа, ним би им се изградиле куќи и би им се дале станови и т.н. Мислам дека тоа беше мотивот за нивното невраќање во нивните огништа. Додека тие што проценија дека оваа работа не може да се заврши се вратија и во Арачиново и во другите места и денес се во нивните куќи. Мислам дека ова друштво им направи лоша услуга токму на тие граѓани на Арачиново. Додека г. Коце Трајановски велите дека македонците кои што се раселиле и избегале од нивните куѓи во нивната држава,јас би ве потсетил дека исто така и албанците се граѓани и жители токму на оваа држава и до денеска не се вратиле во нивните домови. Не се говори за граѓани од Мексико или од Тонгузија, туку се говори за граѓани на Република Македонија за автотони албанци кои со векови живеат тука и државата исто така треба да се грижи за нив исто, као за македонците така за албанците. Така што не е добро да се дезинформира јавноста дека еве во местата каде што имаше војна во текот на 2001 година не можат слободно да се грижат граѓаните. Напротив, сите македонци кои што имале контакти и имаат контакти и ден денес веднаш по 2001 година се движеле слободно, било во регионот на Тетово, Скопје, Куманово и т.н. И е добро г. Коце Трајановски да ги консултира тие граѓани кои секој ден вршат разни деловни работи со албанците и нема никакви пречки токму за овие зони за кои што тој говори денес. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ;

Една минута г. Трајановски, повелте.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам претседателе, ќе се обидам да одговорамна овие обвинувања. Точно е дека ние во претходната власт баравме да се изградат времени , социјални станови или места за живеење за овие внатрешно раселени лица и избркани лица од нивните домови. Зборувам времени живеалишта, бидејки еве веќе три години се покажа дека точна била нашата констатација. А тоа дека движењето “Зора” не им дозволувало да се вратат, јас ќе го потсетам г-динот Стојановски се врати во својот дом, меѓутоа, му експлодира бомба и човекот е повреден една година и повеќе. Значи луѓето се исплашиле од тоа што се случува таму.

Трето, јас реков и во мојот говор дека не само македонците и албанското население, доколку има такви раселени би требало да достават,како што рече се постапува пред Комисијата, се разгледува тоа тука и во тој случај ќе мора да се

донесат соодветни заклучоци. Јас воопшто не ги исклучив во мојата дискусија. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ;

Благодарам господине Трајановски, никој никого не обвинува, можеби секој си има своја вистина затоа треба да разговараме, но не на овој начин и на ова ниво.

Повелете господине Блаже Стојаноски имате збор.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Вистината е една дека состојбата на внатрешно раселените лица во Република Македонија  е жална.

Сакам да зборувам со факти.

Факт е дека на овие лица им се повредени многу права кои се предвидени во Уставот на Република Македонија.

Факт е дека сеуште тие повредени права државата не прави ништо да им ги врати.

Факт е дека тие живеат во невозможни услови за сместување и за живеење.

Факт е дека не постојат услови за враќање во нивните домови.

Факт е дека сеуште не е изградена довербата со припадниците од другата етничка припадност во местата од каде се раселени.

Факт е дека исклучително долг е периодот во кој не можат да се вратат дома.

Факт е дека сеуште не е исполнета обврската од Рамковниот договор, од Анекс Ц точка 3. Таа вели вака:

Сите страни ќе работат да обезбедат враќање на бегалците кои се граѓани или имаат законски престој во Македонија и на раселените лица во нивните домови во што е можно покус временски период и ја повикуваат Меѓународната заедница, а особено УНХЦР да помогне во овие напори. Владата, со учество на страните, 30 дена по потпишувањето на Рамковниот договор ќе утврди Акционен план за ревитализација и обнова на  областите погодени од непријателствата.

Страните ја повикуваат Меѓународната заедница да помогне во формулирањето и имплементацијата на овој план. Оваа обврска од Рамковниот договор на кој се повикувате за сите закони кои до сега поминале низ ова Собрание

не е исполнета. Зошто албанскиот фактор посебно, албанските политички субјекти не се повикуваат и овој пат на Рамковниот договор?

Сеуште постои игнорирање на потребата од итно и целосно решавање на проблемот на раселените лица со преземање на реални мерки и долгорочни мерки кои ќе значат целосно решавање на овој проблем.

На овие лица правата им се повредени, што е неспорно. Живеат, во, најблаго речено, грди услови. Немаат можност да се вратат во своите домови. Се поставува прашањето до кога вака? И како понатаму? Владата треба да одговори на овие прашања, меѓутоа Владата нема одговор. Единствено вели: или вратете се во своите домови или нема повеќе да ви помагаме. Тоа е она што до сега го имаме слушнато од Владата на Република Македонија по однос на ова прашање.

Затоа, за да биде ситуацијата појасна и од политички и од правен аспект, сакам да истакнам како е дефиниран поимот внатрешно раселено лице. Тие лица, според начелата за внатрешно раселените лица на ОН се дефинирани како лица или групи на лица кои се присилени или приморани да побегнат или да ги напуштат своите домови или постојани живеалишта, особено како резултат да ги избегнат ефектите на вооружените конфликти, ситуациите на општо насилство, прекршување на човековите права или поради катастрофи предизвикани од човекот и кои не ја преминале меѓународно признатата граница на државата.

Од тука, во Република Македонија  раселени лица се лица кои ги напуштиле своите домови под принуда од вооружените конфликти и ситуациите на општо насилство, што резултирало и сеуште резултира со кршење на нивните човекови права. Овие лица ја немаат преминато државната граница. Затоа се внатрешно раселени лица, тие се тука.

Во општата Декларација за правата на човекот на ОН од нејзиниот член 13 децидно се вели дека секој има право на слобода на движење и избор на жителствување во границите на одделна држава.

Во членот 17 од оваа Декларација се наведува дека секој има право да поседува имот, а исто така никој не смее произволно да биде лишен од имот. На раселените лица им се случува токму тоа. Тие немаат право да ја користат слободата на движење и да поседуваат имот.

Правото на извор на местото на живеење е важно, особено за оние кои го изгубиле семејството, кои ги изгубиле домовите, кои го изгубиле движниот и недвижниот имот и се раселени поради настани кои се вон нивна контрола.

Ова право на избор на местото на живеење на раселените лица им е повредено затоа што не можат да се вратат во своите домови, а државата им нема овозможено нормално место за живеење. Напротив, таа сака присилно да ги врати во места каде тие лица сметаат дека се изложени на ризик нивниот живот, нивната безбедност, нивното здравје. Со тоа директно се повредува начелото за забрана на присилно враќање на раселените лица.

Понатаму, правото на внатрешно раселените лица на пристап кон гробовите на нивните роднини е ускратено. Не само поради инцидентите, односно нападите од страна на локалното население од албанска етничка припадност, туку и со директно вандалско уништување на гробовите на нивните блиски.

Имаме случаи на каменување на раселените лица од Арачиново при посета на гробиштата во Арачиново во кои се погребани нивните блиски. Исто така имате случај на целосно демолирање на христијанските гробишта во Матејче, случаи кои покажуваат дека враќањето на раселените лица не е пожелно.

Овие случаи претставуваат директна порака, директна закана за овие лица.

Исто така имате случај кога определено семејство подготвено да се врати во Арачиново, ја носи покуќнината во својот дом, наредниот ден треба да се всели, а таа покуќнина во текот на вечерта ја снемува. Дали ова е добредојде за раселените лица, дали е оваа порака дека тие имаат сигурен и безбеден живот во тие места?

Имате случај кога лице, влегувајќи во својата куќа, при неговата намера да се врати назад загинува од експлозивна направа. Овие случаи претставуваат поука за раселените лица.

Како да се разбере кога раселено лице донело керамиди за да ја покрие својата куќа во Арачиново, а тие му биле искршени. Ако се работело за криминална кражба, нормално е да се заклучи дека тие требало да бидат однесени, украдени, а не искршени. Кршењето на керамидите е порака за раселеното лице дека не е добредојдено, дека не треба да ја реновира својата куќа, дека нема можност да живее тука со негов ангажман за средување на домаќинството.

Имате уште многу примери за настани од ваков вид, но сеуште нема пример за лице кое е осудено за вакви дејствија.

Заради тоа, кај македонците постои чувство дека законите се применуваат само за нив, дека во кризните региони се работи за етничко чистење, дека целта на албанските екстремисти не е унитарна, мултиетничка Македонија, туку борба за

територии, дека Владата на Република Македонија дава поддршка на реализацијата на овие цели.

Заради овие причини, раселените македонци не чувствуваат сигурност за да се вратат во нивните демолирани или реконструирани домови.

Причините за невраќањето на раселените македонци се различни од причините за невраќањето на раселените албанци. Раселените албанци не се враќаат не заради безбедност, туку заради инфраструктурни и економски причини. Тие нема зошто да се чувствуваат несигурни во нивна доминантна албанска средина. Тие, според вашите зборови, се раселиле од страв од македонските безбедносни сили. Ако е така, а овие сили се или расформирани или повлечени од овие подрачја, единствена логична причина за да не се вратат тоа е економската и инфраструктурната или не им се изградени нивните домови или немаат можност за егзистенција таму. Но, затоа раселените македонци не се сигурни во својата безбедност затоа што за безбедноста се грижат токму оние кои со оружје во рака ги избркаа од нивните домови затоа што сите опожарени куќи во Матејче се запалени не за време на конфликтот, туку по неговото завршување. За да не можат раселените лица од Матејче да се вратат во нив, во своите домови. Зарем палењето на куќите, демолирањето на гробиштата, кражбите, убиството во Арачиново не ви личат на етничко чистење? Дали раселените македонци ги продаваат своите куќи, своите имоти од тоа што не сакаат да живеат во нив? Зошто ги продаваат за смешни суми? Ќе ви одговорам.

Затоа што сметаат дека понудата која писмено ја имаат добиено пред 10-тина години од своите соселани албанци од Арачиново за продажба на нивните куќи и заканата дека ако не ги продадат нивните куќи во Арачиново тие ќе им бидат насилно одземени, се остварува. Писмената понуда ја одбиле, но имотите насилно им се одземени. Затоа тие немаат сигурност за живеење, затоа тие не чувствуваат заштита.

Во Опае на пример имало 183 православни жители, сега таму има продадено 26 куќи. Раселените лица од ова село кои сеуште гаат некаква надеж за враќање, останаа на бројка од 60.

Зарем ова не ви личи на некои слични случувања во не толку далечно минато во бивши југословенски простори. Зарем ова не е во директна споритвност со она што јавно го декларирате дека Рамковниот договор е вашата агенда, дека нема територијални решенија за етнички прашања. Ако патот кон ЕУ се состои од

раселени лица кои по три години од конфликтот не се вратени во своите домови од економски колапс кој се замачкува со етнички тензии, од иселување на граѓаните на оваа земја како единствен излез од безнадежноста, верувајте, јас не можам да го видам крајот на тој пат.

На крајот, ако веќе им е уништено сето она што овие луѓе го создавале со генерации, немојте да дозволите и како Влада и сите ние како пратеници тука да им ја зголемуваме маката. Треба на овие луѓе да им се обезбеди нормален живот со пристоен дом и социјална сигурност.

Не треба да се забораваат ни раселените лица од другите места. Ние денес разговараме за раселените лица од Арачиново, за раселените лица од кумановско-липковскиот регион, имате раселени лица и од тетовско, има раслени лица и од други места.

Факт е дека состојбата не е розова ни за албанците кои живеат во овие подрачја. Состојбата во која се наоѓаат албанците таму од безбедносне, економски, социјален и инфраструктурен аспект може да се каже дека не е ништо подобра, напротив, е влошена во однос на состојбата која ја имаа пред конфликтот од 2001 година.

Што добија овие луѓе за страдањата кои ги имаа заради воените конфликти? Дали добија некакви поволни кредити за обнова на својата механизација на својот имот? Дали добија сигурен откуп на нивните земјоделски и сточарски производи? Дали им се сега решени инфраструктурните проблеми? Дали добија систем за водоснабдување? Дали добија електрична мрежа во нивните села? Дали имаат сите телефонски линии? Дали патиштата им се асфалтирани или страдањата кои ги имаа заради воените дејствија се сведоа само на личните интереси, позиции на луѓето од ДУИ кои станаа пратеници, министри, директори, началници и тн.

Дали сега повеќе ги остваруваат своите права на сигурен и безбеден живот? Дали е намален криминалот? Дали се решени случаите на убиства, кражби и другите криминални случаи кои се извршуваат врз албанците кои живеат во овие етничко чисти албански средини? Одговорот на сите овие прашања е негативен. Дали оваа состојба треба во иднина со цртањето на општински граници да се пренесе и во општините кои сега ги немаат овие проблеми во таков обем?

Етнички чистите територии создадени со насилно протерување на неалбанците, немаат иднина, меѓутоа, за жал, тоа е вашата агенда.

Затоа на крајот сакам да искажам навистина една поддршка на луѓето кои што не по своја вина го изгубија имотот на генерации кои го создавале пред нив, ги изгубија своите куќи и останаа да живеат во една сома од 5-6м2 и на тој начин тие навистина животот не го живеат, туку ги живеат своите спомени.

Ви благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господинот Зоран Шапуриќ реплика на господинот Стојаноски.

ЗОРАН ШАПУРИЌ:

Госпоѓо потпретседател, би сакал во неколку реченици да одговорам на некои од наводите на колегата Стојаноски.

Би кажал дека веќе трет ден расправаме по оваа Информација, факт е дека сите политички субјекти, сите пратеници, но и Владата сме заинтересирани за што побрзо решавање на оваа поддршка. Факт е дека сочувствуваме со нивната положба, факт е дека изнесуваме поддршка, како што кажа Стојаноски, но факт е почитувани колеги пратеници и тоа дека во изминатите не цели две години Владата работеше напорно на решавање на проблемот на раселените лица. Голем дел од овие лица се вратија во своите домови. Исто така беа изградени и реконструирани голем дел од нивните објекти, се разбира работата сеуште не е завршена.

Понатаму, Владата треба да работи на решавање на овој проблем, но да се каже дека не е направено ништо или допрва треба да се почне да се работи на решавање на овој проблем, навистина не е коректно, бидејќи ако сакаме да им помогнеме на овие луѓе треба да донесеме соодветни заклучоци, да ја задолжиме Владата да продожи да работи, а ние од време на време да вршиме одредена контрола како законодавна власт над извршната власт, но во секој случај не би требало со маката и со тешкотиите на овие лица, без оглед дали се вратени во своите домови или не, да правиме политички маркетинг или опструкции.

Исто така би кажал сосема на крај дека факт е дека безбедносната состојба, покрај тоа што сеуште има проблеми, тоа е јасно што го кажа колегата Стојаноски е многу подобрена во однос на ситуацијата во однос на периодот пред три или три ипол години.

Благодарам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Блаже Стојаноски, една минута контра реплика, повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Овој одговор дека Владата прави напори за што побрзо решавање на нивната положба го слушаме цело време и тие напори ќе ги прави и понатаму, луѓето ќе седат во онакви услови, нема да можат да се вратат и се ќе останува на тоа. А ќе дадеме неколку примери за вратени неколку Македонци заради уметничкиот впечаток на мултиетничност во тие подрачја.

Сметам дека решавањето на проблемот на внатрешно раселените лица не трпи одлагање. Тоа е итна и приоритетна задача. Впрочем е внесено како идно прашање и во Рамковниот договор.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Следен за реплика е г. Зоран Томиќ.

ЗОРАН ТОМИЌ:

Веќе втор ден го слушам колегата Блаже Стојаноски, слушам и некои други колеги и навистина морам да кажам дека фрапантно сум изненаден од начинот на изнесување демагошки тези, без нешто конкретно да се понуди и да се најде соодветно решение.

Колега Стојановски, кажете ми во колку разурнати домови сте биле, кажете ми со колку внатрешно раселени лица сте контактирале од 2001 година до денес. Дали сте свесни дека ова Влада за помалку од две години бројката од 78 илјади внатрешно раселени лица ја доведе до бројка 1800 внатрешно раселени лица. И вие тука да кажувате дека оваа држава и оваа Влада не прави ништо за овие лица, мислам дека во најмала рака е неодговорно.

Сакам уште нешто друго да кажам. Можам да се согласам со вас само во делот на итноста и на приоритетот на решавање на прашањата на лицата на кои сеуште не им е решен статусот, односно да се вратат на нивните огништа. За тоа можеме да разговараме, а како потврда на овој пример би ги спомнал случаите во Македонија. Во Хрватска сеуште 300 илјади Срби не се вратени на своите огништа, а од 1995 година до денес поминаа 9 години. Немојте да зборувате дека оваа Влада

и оваа држава не мисли на овие лица. Бројката од 78 илјади да се сведе на 1800 бара еден извонреден ангажман, пред се, во подобрување на безбедносната состојба, на условите за враќање, на градење домови. Сега се оди во втора фаза, со изградба и на оние објекти кои се уништени, стопански објекти. Ова посебно се однесува на Тетовскиот регион и верувам дека и тоа брзо ќе го направиме.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Факт е дека раселените лица сеуште живеат во простории од 5 до 8$м^2$, факт е дека Владата не сака да им обезбеди привремени сместувалишта заради фактот што тоа би значело политички неуспех, односно неуспех за реализација на обврските од Рамковниот договор и факт е дека ДУИ е во вашата Влада. Оние кои што ги протераа тие луѓе сега се во Владата, а зборувате дека треба време за решавање на тие проблеми. Зошто не почекавте да се решат тие проблеми, па после да ги земете во Владата.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За реплика се јави госпоѓа Славица Станковска.

СЛАВИЦА СТАНКОВСКА:

Благодарам потпретседателке.

Колегата Блаже Стојановски рече дека тие што ги протераа внатрешно раселените лица сега се во Владата. Не, тие сега се во опозиција, а причината зошто се во опозиција сами треба да ја побараат.

Исто така, на почетокот на своето излагање колегата Блаже Стојановски рече дека состојбата на внатрешно раселените лица е жална. Јас тука ќе го поддржам, но пожално е што туѓата несреќа опозицијата сака да ја гради за сопствена среќа. Со вакви емотивни и популистички маркетиншки обраќања и говори најмалку прават причина за да ја подобрат состојбата на правите жртви на конфликтот што се случи во 2001 година.

Јас би го прашал како член на Анкетната комисија и на Работното тело дали мисли дека има целосна и права слика за состојбата на сите, без исклучок, внатрешно раселени лица. За жал, како опозицијата, така и дел од внатрешно раселените лица, трагедијата на правите жртви на конфликтот ја користат за

сопствен профит. Ќе наведам неколку примери, заради тоа што тој многу примери не посочи. Дали колегата Блаже знае дека во прифатните центри имаме многу луѓе кои имаат сопствени куќи и станови во Куманово, а има и такви што имаат станови во Скопје и ги издаваат за 500 или не знам колку евра. Дали знае дека во група внатрешно раселените лица има луѓе кои живеат повеќе од 20 години во Куманово, а сепак живеат и се пријавени како внатрешно раселените лица. Дали го знае бројот на ученици или деца од школска возраст пред конфликтот во Липковскиот регион и колку се пријавени после конфликтот. А за се она што го прави Владата или тој убаво рече имаме луѓе во Опае што ги продале сопствените имоти и домови. Ако ги продале и ако тие чувствувале дека тоа така треба да го направат, зошто уште се водат како внатрешно раселени лица и живеат во прифатните центри. Ваквите злоупотреби од поединци кои се водат како внатрешно раселени лица не им овозможуваат подобри услови на оние кои навистина се тоа, а има и такви кои се вистински жртви на конфликтот. Она што го прави Владата го кажа колегата, и јас мислев да го кажам, но не би сакала да се повторувам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господине Блаже Стојаноски, една минута контра реплика, повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Многу ми е мило кога ќе слушнам вака убави работи да се кажат во смисла на тоа дека има работи кои не се добри и не се направени како што треба и ова е доказ дека Владата прави пропусти, односно не ги презема ингеренциите кои треба да ги преземе.

Инаку, јас сум свесен дека ветувањата на раселените лица, кои им ги даваше владеачката коалиција од избори до избори, сеуште им ги дава сега преку парламентарната говорница и сакам да потсетам дека заборавате дека имате министри за кои вие гласате и дека тие се одговорни за решавањето на тековните проблеми на раселените лица.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За реплика се јави господини Иван Анастасовски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Благодарам.

Колега, Блаже Стојаноски, во мојата реплика ќе почнам во вашиот стил кој беше во однос на говорот што го имавте за Извештајот.

Факт е дека имавте популистички говор. Факт е дека седите овде удобно во Вашата фотелја, факт е дека вршевте маркетинг за да добиете некој политички поен. Факт е дека ќе си го запалите после Вашиот автомобил и ќе си одите во Прилеп каде што генерално не се соочувате со овие проблеми. Меѓутоа, факт е дека бевте дел од Работната група која еднаш ги посети внатрешно раселените лица и видовте дел од проблемите. Тоа се сите тие факти. И факт е дека со Вашата втора дискусија не придонесовте ништо во однос на тоа да дадете конкретни насоки во однос на притисок на Владата за разрешување на овие проблеми на внатрешно раселените лица.

Меѓутоа, нешто ќе Ве замолам и тоа е апел и од раселените. Не е добро да се навраќаме на тоа што било пред три години. Ајде да се обидеме тоа да го заборавиме, да го надминеме и да гледаме што да се направи од сега натаму за да се промени нешто.

Ќе завршам во Вашиот стил затоа што Вие поставивте 10 пати прашање дали, дали, дали. Дали всушност Вие говоревте во однос на Извештајот во Вашата последна дискусија?

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Повелете господине Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Колега Анастасовски, факт е дека тие во 2002 година дојдовте на власт со ветување за стабилизација на состојбите во Република Македонија, влеговте во коалиција со ДУИ со истите оние кои ги правеа тие работи и дадовте ветување дека раселените лица ќе се вратат. Факт е дека ветувавте и други работи, нови вработувања на член од семејство, економски развој на Република Македонија и факт е дека ништо од тоа не остваривте. Затоа Вие треба да се замислите што ветувате и што правите.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За реплика е пријавен господинот Аднан Јашари:

АДНАН ЈАШАРИ:

Ви благодарам почитувана потпретседател.

Од говорникот неколку пати се нагласи ДУИ, Охридскиот договор итн. Сепак, сакам да го потсетам колегата дека ДУИ многу јасно се декларира дека е за имплементирање на Охридскиот договор без исклучоци, било за прашања кои се во однос на албанците или други прашања за кои се дискутира и денес. Сепак, жалам што претходниот колега не ја признава и не ја прифаќа вистината, бидејќи Вие колега и партијата што Вие ја застапувате сте против имплементирањето на овој Договор. Неоспорен факт кој може јасно да се види е што работите што Вие ги преземате, во случајот кога во Парламентот се расправа или се дискутира за закони преку кои се врши имплементирање на точките од Рамковниот договор и кога на сето ова се додадат изјавите на Вашите функционери од Вашата партија, од кои само една, колку што сум слушнал јас била објавена во Дневник, како и изјавите што ги слушаме последните денови, јасно може да се види кој е за имплементирање на Охридскиот договор, а кој е против имплементирањето. Говорите за демолирања, за уништувања на воените региони, додека за жал во ниеден дел не дискутиравте или не кажавте во Вашата дискусија за демолирањата и уништувањата кои се правени надвор од регионите зафатени од војната. Меѓутоа, почитуван колега, немојте да заборавите дека припадниците на Исламската заедница никогаш нема да ги заборават демолирањата и уништувањата што се направија на најважниот споменик во Вашиот град од Вашите сограѓани, кој што исто така истовремено е и верски објект.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Повелете господине Блаже Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

За жал,како што работи оваа Влада, почнавме и ние Македонците да се повикуваме на Рамковниот договор. Тоа е вистина и затоа јас во име на раселените

лица се повикав на Рамковниот договор, бидејќи враќањето на раселените лица претставува обврска од Рамковниот договор.

Меѓутоа, јас би Ви поставил на Вас едно прашање: дали етничкиот пристап кој постојано го промовираат и во однос на територијалната поделба и во однос на сите Ваши дискусии тука во Парламентот значи дека Вие се залагате за мултиетничност, значи дека се залагате за интеграција на Република Македонија. Факт е дека имате насока за територијални решенија за етнички прашања.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

За реплика се јави господинот Киро Дојчиновски, повелете.

КИРО ДОЈЧИНОВСКИ:

Во моментот гледам во господинот Стојаноски две личности. Една како Блаже Стојаноски, пратеник од ВМРО-ДПМНЕ и другата како член на Анкетната комисија и практично не можам да го препознам. Ваквата дискусија која тој денес ја води синоќа случајно на телевизиските преноси, раселените граѓани што на некој начин ја следеа оваа вчерашна дискусија беа згранати, разочарани. Тие не очекуваат вакви нерационални расправи. Тие очекуваа заклучоците што ние ги понудивме како Анкетна комисија да си го најдат местото таму каде што треба да одат и оттаму да се пристапи кон поголемо и порационално решавање на проблемите.

Во случајот денес што имаме? Вчера Блаже ни држи еден час дискусија како претставник на Комисијата - јас не знам кој го задолжил за тоа. Второ, по апелот на претседателот на Комисијата господинот Андов, тој денес уште еднаш ја реплицира таа дискусија. Што кажа ново? Ништо не кажа ново. Практично само ја развлекува ситуацијата. Наместо она што беше договорена на Комисијата, на Собранието да му предложиме заклучоци кои ќе одат таму каде што им е местото, ние три дена расправаме како да се наоѓаме пред локални избори.

Второ прашање: ваквата негова денешна дискусија што ја слушаме можеби донекаде ќе држеше пред две години кога почна раселувањето, во неговите најдрастични моменти. Но откако тој беше во домови и гледа колку е изменета ситуацијата, ваквата ситуација навистина не држи.

И конечно, нашата Влада, сегашната Влада на позицијата има една грешка. Една грешка има: што не им ги зема становите на оние на кои претходната Влада им ги даде, на пратениците, па да ги всели таму овие мачно раселени лица.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господине Блаже Стојаноски, повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Каде живеете Вие колега? Да не живеете на некоја друга планета? Во Република Македонија Вие не гледате што се случува? Вие, кога расправаат пратениците од Дуи молчите и со тоа покажувате дека се согласувате со нивните ставови. Зошто ним не им реплицирате? Кога ќе се појави некој да ги штити интересите на Македонците, тогаш веднаш се обвинува со најразлижни аргументи. Факт е дека за решавање на положбата на внатрешно раселените лица може да придонесе само овој пристап кој го имавме во Анкетната комисија, а пристапот кој што го промовираа пратениците на ДУи при оваа расправа.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Господине Коце Трајановски, повелете процедурално.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Госпоѓо потпретседател, процедуралното се однесува до Вас како потпретседателка што го водите Собранието. Претходната реплика, согласно членот 86 од Деловникот кој што говори за реплика, не беше на содржината на говорот на г. Блаже Стојаноски, само се истакнуваа паушални говори.

И второ, сакам да кажам дека тие обвинувања во врска со становите - еве, јас сум пратеник, сум го земал легално станот, уште си плаќам рати, меѓутоа, тие луѓе што ги земале становите си ги земале по нормални цени. Нека ги вратат тие од СДСМ што ги земале за 1000 - 2000 марки.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Господине Коце Трајанвоски, преминувате во дискусија.

Колеги, Ве молам да продолжиме.

Колега Трајановски доколку Ве интересира ставот за Вашата процедурална забелешка да Ви кажам дека не се согласувам со Вас и сметам дека репликата на господинот Дојчиновски беше сосема во согласност со дискусијата на претходниот дискутант. Едноставно тоа беше негов осврт и негово видување на дискусијата на господинот Блаже Стојаноски.

Сега да го прашам г. Блаже Стојаноски дали има реплика на репликата.

Процедурално, има збор господин Жарко Караџоски:

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Потпретседателке, значи до Вас се обраќам. Вие како човек кој претседава со седницата имате обврска да ги опоменувате колегите кога зборуваат и кога жаргонот во зборувањето преминува од она нормално однесување или има дел на увреда. Господинот Дојчиновски кажа дека Блаже Стојаноски е човек на некој начин со две личности. Бил една личност ваква, друга личност таква. Мислам дека во тоа има навредлив тон. Овде нема никој право да анализира кој каква личност е, може да зборува за тоа што зборува.

Јас овде би реагирал процедурално и би го повикал господинот Дојчиновски, да се извини да не зборува за пратениците дали се двојни или тројни личности.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине Караџоски.

Не се согласувам ни со Вашиот став. Јас морам да кажам дека не ја добив таа алузија на двојна личност која Вие сте ја добиле. Такво сфаќање немам откако го слушнав. Тоа е вообичаен начин на кажување, не мора да алудира на нешто што е навредливо. Може, но не мора да алудира. Во случајов, господинот Дојчиновски мислам дека не алудираше на ништо такво.

За реплика се јави господинот Абдилаким Адеми.

Повелете господине Адеми.

АБДИЛАКИМ АДЕМИ:

Благодарам госпоѓо потпретседател.

Откако ја добив Информацијата, јас сум на став дека воопшто не треба да разговараме на оваа тема. Така мислам не дека не треба да се грижиме или да не се ангажираме за нивното враќање, туку бев уверен дека оваа тема ќе се злоупотребува од одредени политички партии и од одредени пратеници на политички партии. Претходниот говорник беше токму пример на злоупотреба на оваа тема за политички маркетинг. Ми е жал за оние политичари кои нивната политичка среќа ја градат врз несреќата на другите. Да допираш до раните на раселените лица значи сега да се повредат нивните чувства и уште еднаш да се потсетат тие на настаните од 2001 година, тоа е еден опасен чекор.

Тука се говори за ангажираноста на Владата и ДУИ во целиот случај. Ангажирањето на ДУИ го гледам во самото влегување на ДУИ во Владата и ангажираноста и активностите преземени од с трана на Владата токму во однос на раселените лица. Тоа беше спомнато од претходните говорници, така што не сакам да навлегувам во тоа. Јас ја разбирам омразата на пратениците на ВМРО-ДПМНЕ, затоа што тие во главата имаа идеја дека 100 години ќе бидат на власт, а не успеаја ни 4 години.

Јас мислам дека целата оваа ситуација околу раселените лица треба да ја надминеме со заеднички сили и би апелирал до сите пратеници да се прекине со овој вид дискусии кои имаат за цел само добивање политички поени, а воопшто не и решавање на проблемот. Верувам дека и раселените тоа го имаат разбрано.

Тука има уште еден факт. Доколку господинот Блаже Стојаноски не беше член на Работната група верувам дека никогаш немаше да ги посети тие села и овие раселени лица. Тој тоа го докажува со самиот факт дека тој никогаш не бил да ги посети тие села пред да биде жлен на Работната група. Сето она што го кажа тој денес воопшто не може да се карактеризира како нешто друго, освен како демагогија и потешки политички маркетинг.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам господине Адеми. Меѓутоа мислам дека не беше во ред да имплицирате омраза кај пратеникот. Мислам дека тој сепак не изрази омраза во текот на својот говор. Не беше во ред да имплицирате дека тој настапува со омраза. Мислам дека тоа е прејак збор за случајов.

Господине Блаже Стојановски 1 минута имате контра реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Не ми е ништо чудно што колегата вика дека не треба да разговараме на оваа тема. Меѓутоа, чудно ми е што не ми одговори и не ми даде реплика дали е подобрена состојбата во која што живеат жителите во Липковско и во Арачиново, после војната што ја предизвикавте, дали изградивте водовод во Арачиново, дали има телефонски линии и дали се реконструирани куќите во Липковско и дали имаат омраза тие што пукаа и убиваа, или тие што на демократски начин го искажуваа своето мислење.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Да не враќаме на едно со уште полошо.

За реплика се јави господинот Сашо Дохчев.

САШО ДОХЧЕВ:

Само со неколку реченици ќе му реплицирам на колегата Стојановски, макар што повеќето од претходните дискутанти се погодија со моите мисли. Така што ќе скратам од мојата реплика. Прво, сакам да му реплицирам во делот каде што ја напаѓа Владата. Јас разбирам да ја напаѓа Владата, тоа му е должност и обврска како опозиционер, меѓутоа, на овој безкрупулозен начин да ја напаѓа и со неаргументирани податоци, тоа неможам да си дозволам. Мислам дека тоа е само една обична демагогија и политички маркетинг.

Сега јас би сакал да го прашам господинот Стојановски, дали ние сите заедно како државјани на Република Македонија да ја напаѓаме онаа Влада во 2001 година која владееше токму тогаш кога се случи овој конфликт, а овие времено раселени лица се само директна последица, односно внатрешно раселени лица се само директна последица на конфликтот кој се случи во таа 2001 година.

Господине Стојановски, конфликтот се случи, дали е Владата крива или не, во тоа не навлегуваме, тој се случи. Овој проблем што се јави со внатрешно раселените лица секако дека треба да се решава. Меѓутоа, тоа е процес, а процесот тече, тој е долг, траен. Сакам да ве информирам доколку не знаете тоа нешто ви го кажа и колегата Томиќ, 90% од сите внатрешно раселени лица се вратени назад во своите домови, во своите огништа. Значи по сета логика на нештата ние како пратеници, како разумни луѓе сметаме дека тој процес е, ако не завршен, барем успешно решен. И не можеме да кажеме дека сме задоволни со тоа и дека е процесот завршен. Ќе го решаваме процесот, но тој е долг и долго траен.

Што се однесува до безбедносната ситуација, заедно бевме господине Стојановски во Матејче, видовме дека шетавме слободно по улиците на Матејче, ниту некој не нападна, ниту некој ни фрли со камен, ниту со оружје, ниту некој довикна на нас со некакви навредливи зборови. Значи, безбедносната ситуација е стабилна. Полициската станица во село Матејче почна да се гради. Значи, и тој услов ќе биде задоволен. Патролите нон стоп патролираат, полициските патроли нон стоп патролираат што значи дека таму скоро и да нема никакви инциденти од меѓуетнички карактер. Најголемиот проблем по мене ќе биде враќањето на меѓуетничката доверба. Тоа треба да го обезбедиме ние како држава и воопшто заедно сите институции во оваа држава кои се засегнати со решавање на овој проблем. Токму во таа насока беа и заклучоците што ги донесовме едногласно на Анкетната комисија во таа насока да ги задолжиме, да ги поттикнеме на некој начин сите релевантни институции во државава што можат да го решат овој проблем, тоа се Владата, политичките партии да делуваат на подобрување на меѓуетничката доверба, меѓународните институции кои се вклучени во решавање на овој проблем и сите невладини организации. Токму тоа беше целта на овие заклучоци, а не овде да ја рашириме расправата и да влеземе во некои меѓуетнички односи, наместо да ги подобруваме, ние ќе ги заостриме на овој начин. Затоа ве молам да прекинеме со вакви политички и демагошки говори и да разговараме за заклучоците за да можеме да ги подобриме во некоја насока за да можат да се решат проблемите.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Колега Дохчев, ако се навредувате јас кога ја напаѓам на овој начин Владата, тогаш во иднина, еве нежно ќе ја напаѓам за да не се навредите, или таа да не се навреди. Се согласувам дека целта треба да биде решавањето на проблемите на раселените лица и тоа е факт. И целосно стојам зад оние заклучоци за кои што и самиот гласав и сите едногласно се заложивме за решавање на проблемот на раселените лица. Сметам дека процесот како што велите дека е траен, не треба да биде траен и не смее да биде траен,туку треба брзо да се заврши и дека во однос на безбедносната состојба, во однос на нападите на полицајците во Арачиново, на новинарските екипи кои што беа таму нападнати, исто така, тоа доволно кажува за безбедносната состојба во тој период. А истовремено како последица од конфликтот не  ВМРО-ДПМНЕ што е во опозиција, туку што на власт се оние кои што директно влијаеа на создавањето на тој конфликт, а тоа е ДУИ и СДСМ.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господин Хусеинџеват Хусеини.

ХУСЕИНЏЕВАД ХУСЕИНИ:

Јас ќе се задржам само на еден сегмент од дискусијата на колегата. Не требаше да се јави и во улога на албанската опозиција. Нека си ја прави својата работа и нека и остави на албанската опозиција малку простор за да може сама да си се претстави. Правата на тоа што е изградено, а што не е изградено? Знаете ли што е најголемото нешто што се изградило? Се изгради надежта, се роди надежта кај албанецот дека оваа држава е и негова држава и има хоризонти, има простор за да го изгради својот живот и неговата иднина. Тоа е тоа најголемото. Сите останати работи ќе се изградат со време. Господине. вие на овој начин намерно сакате да не нападнете токму таму каде што е најболно, значи кај народот, сакате да ни ги земете аргументите да ние се бориме во нашата средина за оваа насока која што сме ја зазеле. Тука се раѓаат сомнежите кај нашиот народ, кај нашето население и се поставува прашање дали е навистина така, дали ние навистина имаме надеж во оваа средина. Оваа коалиција господине ни даде боја и ориентација, европска ориентација на оваа држава. Оваа коалиција господине, им даде надеж на луѓето не само на албанците, туку на сите дека заедно можеме. Оваа коалиција придонесува за да се подигне свеста кај населението и патриотската амбалажа веќе не држи. Господине, почнавте со факти и јас ќе завршам со факти. Факт е дека вие веќе немате факти.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Факт е и дека вие не се залагате искрено за мултиетничка и унитарна Македонија, тоа го покажувате на дело. Факт е дека зборувате само за правата на албанците, а не и за правата на македонците и за правата на сите граѓани на Република Македонија. И точно е и тоа дека албанците не живеат баш онака како што вие кажувате и како што им ветувате и им ветувавте пред доаѓањето на власт. Дали вашите ветувања биле искрени, дали има нешто реализирано од нив, тоа треба да го прашате народот, затоа што тој ве избрал и тоа треба да го кажете кога треба да давате отчет за вашата работа како власт.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

За реплика се јави господинот Фазли Велиу.

ФАЗЛИ ВЕЛИУ:

Прашањето на раселените е едно од најчувствителните прашања. Но ова не значи дека за ова прашање треба да се дискутира два дена и повеќе во време кога ситуацијата се стабилизира и земјата презела задачи да ги реализира преку институциите сето она што една држава ги има за обврска да ги гради и да ги реализира. Вчера почетокот беше еднostран од страна на Комисијата и од страна на оној што ги претстави резултатите и во целиот говор беше даден само еден факт за албанската страна, тоа беше рушењето на една џамија, а сите други работи беа ставени на страна. Денешните дополнувања беа дадени само на крај и тоа на тенденциозен начин и земаа политичка и навредлива конотација. Прашањето за кое ние говориме е хумано прашање и за тоа прашање сите треба да се ангажираме. Прашањето на албанците и прашањето на раселените, прашањето на албанците раселени надвор од државата и така треба да се третира а прашањето на македонците е прашањето на внатрешно раселени така треба да се третира. На крајот на краиштата прашањето е на сите нас, ова е едно севкупно прашање, прашање на сите граѓани и треба сите да го третираме како што треба и тоа прашање неможе да се третира преку една комисија која што на крајот на краиштата не била комплетна. Таму не учествувала членот на Комисијата Теута Арифи, Невзат Бејта и самата комисија отишла на местата каде што и одговарало и на еднostран начин се разгледувала ситуацијата на теренот. И на крајот на краиштата оваа комисија не била таму и не е таму присутна. И јас имам слушнато забелешки од македонската страна каде се вели дека оваа комисија била и е само формална. Сакам да кажам дека од страна на партијата која учествува во коалицијата, односно ДУИ. Ова прашање е едно од прашањата со кои се занимаваме. Тука имаме само зборови на благодарност до меѓународниот фактор кој што ги гради објектите таму, додека внатрешниот фактор се очекува да се ангажира, Владата треба да се ангажира, меѓутоа, се разбира со минатата власт, затоа што од неа почнуваат рушењата, а со нас продолжува изградбата.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Навистина чудна завршница. Со ДУИ почнува изградбата? Ако почнува изградбата со пушките кои што ги употребувавте во 2001 година, навистина за таква изградба зборувате, јас неможам да ве разберам.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор господинот Ефтим Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитувана потпретседателке, почитувани колеги пратеници, иако по однос на Извештајот на Анкетната комисија имаше доста пријавени говорници. Доста работи се кажаа по однос на раселените лица од Арачиново и Липковскиот регион. Сепак, чувствувам за потреба да кажам неколку мои мисли. За сите учесници во дискусијата неспорно е дека од немилиот настан од 2001 година од воениот конфликт се раселија доста лица, граѓани од делот каде што беше зафатен со кризата, а извештајот зборува само за две места, бидејќи Анкетната комисија тргнала по патот по однос на пријавување на одредени граѓани кои што се раселени и бараат решение од страна на Парламентот. Искажувањата на пратениците мислам дека се сите еднакви во фактот дека има уште број на население над 1000 граѓани кои што неможат да се вратат во нивните домови на кои им е ускратено тоа граѓанско право, слободите да можат слободно да се вратат. Некои од причините се што нивните домови се срушени, непоправени, а некои од причини што стравуваат од меѓуетничкото несогласување на живеење на истото место чисто од страв. Наша цел на пратениците не би била на таквото зло да покажуваат  одредени пратеници поголем интерес дека сакаат да го решат, а другите покажуваат поинаков интерес дека не може или не сакаат. Основно е дека нашата цел треба да биде  исклучиво заедничка во тој правец, дека треба да создадеме услови тие граѓани што побрзо да се вратат. Не се согласувам со одредени дискусии дека ова треба да трае уште долго време. Република Македонија сметам дека е прилично релаксирана во тој поглед, барем така ги даваме извештаите спрема надвор од земјата, а исто така и внатре, знаеме дека тоа е така, таков факт. Што останува да се направи? Силен притисок, силна можност тие граѓани кои што сакаат да се вратат, а оние кои што не сакаат треба да знаеме дека тие не сакаат. Со такви податоци ние не располагаме ниту Парламентот, ниту од Владата такво нешто има кое што исклучива надлежност за враќање на раселените граѓани е работа на Владата. Можеби направила се, голем дел не се вратени, или дел, ако не голем, да не сметаме дека повеќе од тоа што биле раселени. Владата не поднела досега таков извештај зошто тие граѓани не се вратени, дали од причини што Владата не создала такви услови или од причини што некои од тие граѓани немаат желба да се вратат, или постојат други причини. Не

треба да ја споредуваме состојбата во Република Македонија и со Србија, тоа што зборуваше колегата Томиќ дека таму уште порано има голем број на раселени лица и не се вратени на своите огништа. Сметам дека состојбите се сосема различни. Она што се случи во Србија и тоа што е во Македонија, Србија свесни сме и знаеме дека Косово не спаѓа во рамките на управување и владеење од Србија, туку тоа е посебен протекторат и таму е многу потешко за враќање на тие раселени лица. А додека во Република Македонија е нешто поинаку, поготово имајќи го фактот дека сегашната Влада и Парламентот владеењето во Република Македонија го има ДУИ и СДСМ, поготово каде што на теренот каде што е спорен, каде што е тежок од каде што се раселени лицата, сепак таму сметам дека партијата ДУИ има поголемо влијание, партиско и политичко и може повеќе да допринесе во тој дел за релаксирање и заборавање на тоа што било. Не би сакал многу да должам во тој дел, бидејќи доста дискусии имаше во тој правец, најмалку барам да се афирмирам преку тоа, преку несреќата не некои луѓе. Сакам да укажам уште на една работа. Анкетната комисија поднела заклучоци како и на кој начин да се реши таквата состојба во што пократок временски рок.

Истовремено по таквите заклучоци имаме уште едни заклучоци доставени до Парламентот од колешката Каролина Ристова, што сметам дека не е својствено да има два вида на заклучоци. Тогаш што би било ако сите пратеници поднесеме комплет заклучоци. На заклучоците можат да се поднесуваат само предлози за измени и дополнувања на истите ако не се целосни. Од тие причини би сакал да укажам на Парламентот и на потпретседателот да ги усмери заклучоците на Комисиите и заклучоците на Каролина Ристева за 15 или 10, или колку им треба време да седнат заедно со Комисијата да се усогласат, да предложат единствени заклучоци.

Инаку, не е ни правно исправно затоа што по било каков предлог кој се расправа на Собрание и за кој се донесува одлука, било каков заклучок, или измени и дополнувања на закон се дејствува со дополнување на истите амандмански и тука би требало, барем така сметам колешката Каролина во тој правец да поразмисли како треба да ги направи. Дали треба да ги направи да бидат единствени нивните заклучоци? Затоа што таа ниту е предлагач на Извештајот, а од друг извештај да произлезат сосема нови заклучоци сметам дека не е во ред.

Во тој дел би сакал најсовесно и најодговорно го зборувам тоа за граѓаните, барем за раселените, да не стоиме на становиште дека едни мислат поинаку, јас

мислам поинаку. Овде треба само усогласување да се предложат на Собранието, единствени заклучоци кои што ќе бидат адекватни на состојбата за што побрзо решавање на проблемите на раселените лица.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Има збор г-ѓа Каролина Ристова.

КАРОЛИНА РИСТОВА:

Јас милам дека и вчера објаснив. Деловнички, процедурално нема никаков проблем ниту пак логично може да се очекува дека единствено заклучоците што се предложени  од Комисијата онака како што се предложени се единствениот да или не излез од расправата по една информација. Нормално дека од пленарната седница можат да произлезат и поинакви заклучоци.

Во конкретниот случај воопшто не се работи за поинакви заклучоци, туку се работи за промени од стилски карактер кои што не се битни, ниту се помалку од суштинските затоа што сепак ова се собраниски заклучоци, мора да се внимава на секој збор. Во еден дел има две-три суштествени измени и дополнувања за кои што мислам дека се пропуст ненамерен од страна на Комисијата, а бидејќи се собраниски заклучоци мора да се внимава на тоа. На пример преформулацијата во однос на заклучокот за Републичкиот судски совет кој воопшто не соодвествува на уставната позиција и икс други работи, но кога ќе дојдеме до тој дел јас ќе ги кажам. Тоа што колегата го кажа не создава никаков проблем тоа што јас сум предложила заклучоци.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Продолжуваме со дискусијата.

Г-динот Рафет Муминовиќ е пријавен но не гледам дека е присутен.

Има збор г-динот Фатмир Асани.

ФАТМИР АСАНИ:

Благодарам г-ѓо потпретседател,

Да говореше за судбината за раселените албанци македонци, срби и други и да правиш истовремено политички маркетинг не е човечно. Бидејќи јас доаѓам од кризниот регион односно од општина Липково и сум сведок, можеби единствениот

сведок ќе се обидам да ја говорам вистината, бидејќи овде се кажаа многу работи кои што не држат како од една страна така и од друга страна.

Се знае дека повеќе се гранатираше таа општина од заедничката коалиција СДСМ, ВМРО, едниот министер кој и сега е министер беше министер на војската, додека другиот беше министер за внатрешни работи. Таму изгубија и албанците и србите и македонците од Матејче, им се запалија куќите, им се срушија куќите, меѓутоа не од албанците. Тие се срушија од топовите и тенковите кои што гаѓаа од страна на македонската полиција и војска. Ова е вистината. Бидејќи јас сум бил и самиот учесник и присутен на тие места, меѓутоа по конфликтот од 2001 година, ако навистина немало услови за да се вратат раселените од селото Матејче и Опае и јас верува, меѓутоа во денешно време кога таму има и струја, има и услови за да се вратат бидејќи некои куќи кои што беа срушени , 52 куќи се реновирани во европски услови кои што тие порано ги немаа. Нив вие можете секогаш да одите и да ги посетите, мислам куќите, но таму никој не живее сега. Некои навистина ги продале и ги купиле албанци, меѓутоа не по нивна вина, туку затоа што добиле за тоа големи пари. Некоио од нив уште не ги продале куѓите, додека на некои не им се изградени куќите, меѓутоа не по вина на меѓународните организации туку по нивна сопствена вина, од српска националност и од македонска националност. Тие не ги потпишуваат договорите за изградба на нивните куќи бидејќи бараа да им се изградат поголеми куќи, со поголема квадратура од колку што имале всушност.

Од друга страна од самата Информација се гледа дека 60% од раселените се албанци. Голем дел од нив, како што беше кажано и вчера од неколку пратеници се наоѓаат надвор од Македонија, додека дел од нив се во општина Липково, меѓутоа живеат кај нивните блиски. Токму од таа причина тие не поднеле претставки. Не поднеле претставки затоа што немаат верба во оваа Влада. Знаејќи дека немаат верба тие ги засукаа ракавите , повеќето од нас да кажам 60% успеавме да ги оспособиме нашите куќи и да живееме во нив. Бидејќи српскиот дел и македонскиот дел од село Матејче бараат и купување на стоката која што тие ја имаа, јас би рекол дека во општина Липково имаше над 15 илјади крави и многу коњи кои што до сега никој не инвестирал да тие се купат повторно. Се срушија, се расипаа и многу друга техничка опрема и економијата што ја имаа. Вистина е дека еден дел се надеваше дека ќе им се изгради тоа што го имавме, меѓутоа досега не е изградено.

Во селото Слупчане над 60 куќи и ден денес не се изградени. Тие се срамнети со земја и над 60 сермејства се надвор од тоа село. Некои живеат во Куманово,

некои во други села. Велат дека немаат безбедност. Јас го кажувам токму спротивното. Тие можат да се вратат, безбедни се, имаат услови да живеат, имаат и телефонска линија во последно време пуштено во општина Липково и за наша среќа имаат услови да живеат. Повеќето од нив се вработени, некои во Скопје, некои во Куманово и можат да се вратат, меѓутоа оваа Комисија многу ја влоши работата проценувајќи како од страна на позицијата и од страна на опозицијата за да тие не се вратат уште подолго време. Разбирам дека им е тешко дасе вратат меѓутоа првенствено тие не треба да ја слушаат ниту Комисијата, ниту друшртвото “Зора”, туку да одат во селото Матејче и да разговараат човечки со нивните соседи и да видат дали можат да живеат или не таму. Јас сум на вера дека тие ќе ги прифатат нив за да живеат како што живееле порано. Самиот факт говори дека во текот на цело посткумунистичко време немало ниедно убиство помеѓу албанците и србите од село Матејче, меќутоа и во времето на конфликтот 2001 година, и вие сте сведоци дека често пати кога сме фатиле учесници од македонската полиција и војска ние ниту сме ги тепале ниту сме ги убивале , туку сме ги пријавиле во Црвен крст и тие доаѓале живи и здрави дома. Што се случуваше со еден припадник на УЧК од друга страна, сигурно ќе го убиваа или ќе го ликвидираа.

Вистина е дека Владата треба да и овозможи да се изгради и другиот дел на запалените куќи во село Матејче. Не само на српскиот и на македонскиот дел туку и на лабнаците кои што имаат многу други проблеми. Вистина е дека Владата треба да им помогне за да се развие економијата таму, да се даде социјална помош таму, меѓутоа се случува токму спротивното. Таму не се работи ништо, не се асфалтираат ниту патиштата, ниту улиците, нема ни вработувања. Сето тоа што беШе кажано е вистина. Жалам што многу дискутанти и од другата албанска партија , од ДУИ рекоа дека во времето на 2001 година, заедно со ДПА се гранатирале многу села.

Исто така и во Битола. Посебно дискусијата на г-дин Бејта, јас би реагирал и против дискусијата на г-дин Бејта кој што употребуваќи метода дека јас сум бил во средно училиште мисли дека ќе се исплакне себе си со тоа што вината ќе ја префрли на друг. Тој вели дека минатата Влада, конкретно ДПА била таа која што дала наредба за палење на албанските куќи во Битола. Го вели ова а токму тој во тоа време бил член на ДПА и ниту слушнал некогаш за селата и општина Липково за кои се велеше дека имаат отпор, за тоа што денес г-дин Бејта го нарекува правда и Охридски договор. Жалам што не е тука г-динот Бејта, меѓутоа сигурно е во ходниците на Парламентот, или во салите, во ред г-дине Бејта. Ако вашата партија,

ако сте за рамноправност тогаш не е доцна на тие семејства кои што претрпеле штети и им се запалиле куќите во Битола да им надоместите, да им компензирате или нешто да им платите и да ги казните актерите на варварското дело. Жалам што ќе го кажам ова меѓутоа вашата вина  всушност вашиот говор бил јадење без сол и не се знае дали се јаде или не таа храна. Јас го велам ова затоа што некои грешки што ги направи вашата партија заедно со вас не се за ви се простат тие грешки.

Уште еднаш ќе повторам, ако навистина ги знаете проблемите на албанците во Битола и на другите, посебно во општина Липково немојте да се двоумите. Тие сигурно ги очекуваат реновирањето или парите кои што ќе ги добијат од вас. Вие како член на Комисијата за правата и слободите на човекот кажете ми колку пати сте биле да ги посетите селата во Липково и да не запознаете одблиску со нивната состојба.

Жалам што заборавив дека сте биле во времето кога сте го објавиле како работен ден во времето на комунизмот, тогаш кога на гробиштата на жртвите во Слупчане за да го убедите населението да ги дадат гласовите за Бранко Црвенковски, тој кој во 1997 година, бил нашиот госпот во Гостивар. За да не навлегуваме во други работи, имаме што да кажеме. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Адеми имате реплика?

Повелете, имате три минути.

ФАТМИР АДЕМИ:

Претходниот говорник на почетокот на неговото излагање рече сака да ја каже само вистината, и јас сакам да кажам некои вистини тука и да и кажам на јавноста како и на претходниот говорник за одредени настани, а не посебно настани за кои што г-динот Бејта говореше вчера за Битола.

Г-дине Асани вие можеби не знаете, меѓутоа јас сега ќе ви кажам една вистина. Токму заменик министерот за здравство од вашата партија беше еден од тие чија што куќа беше под заштита на полицијата до моментот кога тој, значи заменик министерот за здравство го осигура својот имот во осигурителна компанија. Во моментот кога тој тоа го направи ги собра своите работи и се пресели во Скопје и и рече на полицијата може да си одите, не мора веќе да ја заштитувате мојата куќа. Што се случи? Денес тој на истото место во Битола изгради поубава и поголема

куќа, додека сите други локали, сите други куќи кои што изгореа во Битола и ден денес не се надоместени. Значи, некому му се надоместува имотот некому не.

Другиот заменик министер, исто така од вашата партија, од Министерството за внатрешни работи за ова му подари еден поклон , тогашниот министер многу познат во Република Македонија , од негова страна му беше поклонет еден револвер, можеби во знак на благодарност за делувањето во тоа време. Вие рековте дека ќе ја говорите вистина, а можеби оваа вистина која јас ја кажувам не ја знаете и би било добро да одите до Битола за тоа.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Асани.

Ве молам да се вратиме на она што е темата. Меѓупартиските конфронтации можеме да ги оставиме за друг пат. Не е коректно према луѓето за кои што дискутираме овде.

ФАТМИР АСАНИ:

Јас вистината ја кажав и тоа никој неможе да ми го оспори, додека претходниот колега за Битола до колку го обвинува г-динот Муарем Неџипи нема право затоа што нема никакви докази дека куќата беше изгорена и изградил куќа. И мојата куќа изгоре па ја изградив, а дали беше осигурана или не тоа е друга работа. Вие сега сте во власта и повелете надоместете ги куќите во Битола имате таква можност. До колку ние бевме на власт ние ќе ги надоместевме тие штети. Вие треба во моето село Слупчане да градите многу разрушени куќи, а не само да доаѓате таму и да вршите политички маркетинг.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Има збор г-ѓата Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Колегата во неговиот говор кажа дека луѓето што се раселени имаат услови да се вратат бидејќи на некои куќите што им се изградени, тие повторно не се враќаат назад. Јас мислам дека воопшто не е во право бидејќи луѓето ако не гледаат дека функционира правната држава тогаш тие не можат да имаат доверба дека ќе бидат заштитени и дека рамнправно ќе бидат третирани од институциите на

системт. Тоа секој ден се покажува, посебно одкако неколку пати беше запалена црквата во Матејче и иако се знае кој е виновникот, извршителот имавме можност да прочитаме во медиумите дека од директорот на Заводот за заштита на споменици неколку пати е доставувана кривична пријава, меѓутоа сеуште не се реагира. Тогаш како луѓето можат да бидат сигурни дека лично тие ќе бидат заштитени. Значи најпрво треба да профункционира конечно правната држава, па дури тогаш да расправаме ние дали луѓето сакаат или не сакаат да се вратат. Значи основниот проблем е тоа што не функционираат институциите на системот еднакво за сите граѓани во Република Македонија , па макар и за граѓаните кои што се и во раселените подрачја. Значи сите граѓани треба да ги почувствуваат институциите на системот, треба да профункционира судството, мешаните полициски сили не сао да парадираат низ овие краишта, туку навистина луѓето да се чувствуваат безбедни. Јас само пред неколку дена имав можност да се сретнам со луѓе од Љуботен, тие не се влезени во оваа Информација, меѓутоа луѓето навистина се исплашени за нивниот опстанок. Полицијата ја нема, сите нешта што им се случуваат, палењето на нивните ниви, малтретирањето на 80 годишни старци и тепање на 11 годишни деца јас навистина незнам како овие луѓе ќе имаат доверба и понатаму да ги чуваат своите огништа, да останат на своите огништа, а камо ли тие што се раселени да се вратат назад на своите огништа ако, повторно ќе кажам, не профункцираат институциите на системот. Тоа власта им го вети на граѓаните на Република Македонија и мислам дека конечно после две години власт треба да биде исполнето на граѓаните на Република Македонија .

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Асани имате една минута.

ФАТМИР АСАНИ:

Благодарам. г-дине пртседател.

Раселените од село Матејче јас ги познавам и како луѓе од блиску, тие преку ден одат во Матејче, седат во своите куќи и навечер се враќаат. Јас знам дека тие се плашат. Меѓутоа, како не може да заклучиме ако тие не остануват таму и не живеат таму, како можеме да кажеме дека некој нив ги малтретира. Тие можат да дојдат

таму, да живеат таму, па потоа да видиме што ќе се случи. Ако тие никогаш не дојдат во нивните куќи, а велат дека се плашат, тогаш ние нема што да правиме.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Чашуле имате збор.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Благодарам г-дине пртседател, почитувани колеги,

Вчера во рамките на едно деловничко барање, да не речам егзибиција, бев навреден и тоа не ми паѓа тешко. Право на секој е и последица на неговиот однос кон другите и на воспитанието да се однесува на еден или на друг начин и не е мое да ги превоспитувам луѓето. Меѓутоа, не можам да прифатам да се употреби Деловникот и барањето на стенограма, ова е стенограмата, како доказ за невистина. Бев обвинет дека некого сум обвинил овде од засегнатите дека се расисти. Јас тоа не го сторив. Се побара стенограмата да се докаже дека јас лажам, што е дополнителна навреда. Стенограмата дојде и јас ќе ви ја прочитам, за да видите дека не лажам. Јас никого поединечно, особено не Демократската Унија на Албанците, понајмалку албанците ги обвинив за расизам. Во извештајот цитирам од сопствените зборови во стенограмот на Собранието, изворно така како што е фатено од ценетите колешки. Во извештајот стои една реченица која ме инспирира да говорам, бидејќи не сум експерт за овие работи, да се јавам за збор, а тоа е дека “се појавува расистички дискурс на двете страни, македонска, албанска”. Овој заклужок во извештајот е на меѓународна организација, не е ни мој, ни на Комисија. Па, велам, луѓе, зарем никого тоа не го загрижува. Ова го кажувам така, оти мене ме загрижува. “Не обвинувам никого”, стои во стенограмот “никого не обвиувам ни сега, загрижен сум. Не се гради доверба со јазик на омраза”. Па, понатаму велам “сите расисти се за мене подеднакво кабаетлии и не им е место во едно цивилизирано општество, уште помалку во Европа”. Јас мислам дека овде нема човек кој нема а се согласи со мене дека е така. Но, поставувам прашање што ќе направиме ние, сега, покрај хотелите и се што ќе адаптираме да го искорнеме дискурсот на расизмот во нашите села. Еве, овде кажувам пак уште еднаш, македонски, албански, турски, ромски српски, расизмот не смее да го има во Македонија, ниту го имало. Го има како дискурс, кој е последица на манипулација, кој е последица на невистина, кој е последица на намерно исколчување на фактите. И, сега, доаѓам до она што сметам

дека е наша политичка одговорност, наспроти одговорноста на Владата, која мора илјада механизми да покрене, за да им обезбеди на сите граѓани право на слобода, потрага по сопствената среќа и да им го заштити имотот, здравјето и животот. Ние имаме политичка одговорност и таа на мој начин, бидејќи секогаш кога се појавува недовербата, стравот, омразата, сум загрижен и возбуден. Велам, како ќе ги убедиме и почнувам со македонците, со мојот народ, албанците, турците, србите, ромите, власите, дека главна задача им е другиот, да бдеат како што бдееле нашите дедовци и прадедовци над соседот. Тоа ни е од бога дадено да бдеат над него, а не во него да гледаат главен непријател. И, понатаму зборувам за тоа како мислам дека треба да се гради довербата.

Значи целото мое пледоаје беше дека основниот механизам најголемата вредност на Рамковниот договор е да изградиме доверба, да го искорнеме стравот, па потоа сите негови механизми и инструменти на извонредно лесен начин ќе ги имплементираме, бидејќи нема да се гледаме како луѓе кои зад секој збор на другиот, зад секој гест на другиот, а особено зад секоја грешка на другиот, а ние сме луѓе грешни, бараат нешто дополнително, нешто многуслојно, кое во некоја длабока и мрачна основа се потпира на омразата. Во мојот случај не е така, а вие г-дине Талат Џафери, можете да ме нарекувате колку сакате демагог, меѓутоа јас никогаш против луѓето со кој не се согласувам и не ги чувствувам како непријатели туку политички соперници не употребив ништо друго осим збор.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам,

Повелете г-дине Талат Џафери, три минути.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Благодарам г-дине пртседател.

Г-дине Чашуле,

Денес двојно ме убедувате дека сте демагог. Вашиот говор го почнувате од втората страница и таа реченица која денес ја почнавте, ја кажавте е во контекст на вашата дискусија, и во првата страница вие почнувате со втората реченица. Јас ќе ви ја прочитам во оригинал. “Страшно сум загрижен, претпоставувам чувствата и

вознемирен од сликата кога прочитав што ми се создаде во главата". Ви се создало во главата, од извештајот на Комисијата.

Не од начинот како овие луѓе се злоупотребуваат сега и не од недоволните палијативни мерки, кои треба да ги решаваат последиците, туку од отстуството на заложби. Не во извештајот не во нашите глави, туку воопшто во државата луѓето да ги вратиме дома.

Меѓутоа, не сакам да ја понесат во себе одговорноста, да создавам држава која небара Кипар ќе влезе во унијата внатре, поделена. Ние не сме кипарски турци г-дине Чашуле.

Илјада пати до сега ми е речено дека една од обврските која не е кодофицирана со Спогодбата за стабилизација и асоцијација, но најверојатно ќе ни се појави сега, како земја која аспирира да биде кандидат како прашања, а во меѓувреме како политички дискурс ни се поставува, а тоа е кога ќе го имплементирате Рамковниот договор кој за мене претпоставувам и за вас, ако не за сите, за многумина е дел од Уставот на кој ние положивме заклетва дека ќе го штитиме и дека ќе го спроведуваме.

Понатаму, г-дине Чашуле, во конотација вие го признавате фактот дека има расизам и тоа го идентификувате во Липково, во Арачиново и незнам каде на друго место. Завршувате во третата страница и имате една реченица:

"Петта изборна единица, таму македонците и албанците живеат сложно и во Долнени и во Струшко и во Охридско и во Кичевско, иако сееме и таму по некоја црв на недоразбирањето". Сигурно е дека ние ова не го сееме, туку вие ги организирате на улиците, вие го оргнизирате Струшкиот отпор, Кичевскиот отпор и незнам што друго. Г-дине Чашуле, дали ова не е ваша демагогија? Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Интересни се интерпретациите.

Повелете г-дине Чашуле, имате една минута.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Јас сум по образование лингвист, во лингвистиката постои ниво на конотација каде што секој може да се инспирира и да мисли како што сака.

Господине Џафери, блокадите, зборот, плакатите, граѓанскиот отпор се демократски орудија. Демагог сте вие. Вие сте амнестиран од мене. Јас не пукав на

никого, а вие бевте командант. Ќе се изедначите со мене за да ми судите кога ќе ми докажете дека вие ќе гарантирате раселените албанци, срби, роми и македонци ќе се вратат дома.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Трајановски,

Овде нема прекршена процедура, се извинувам. Ако имате нешто да прашата, повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, во име на пратеничката група на ВМРО-ДПМНЕ барам пауза од еден час да ги разгледаме заклучоците, со оглед на тоа што имаше два-три пара заклучоци.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се извинувам г-дине Коце Трајановски, вчера побаравте пауза за заклучоците.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Паузата вчера не беше за заклучоците. Вчера ние баравме пауза за друго.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дин Рафис Алити.

РАФИС АЛИТИ:

Мислам дека г-динот Слободан Чашуле, не се придржува кон репликата. Всушност, реплицирате на репликата на г-динот Талат Џафери, меѓутоа, зафати еден сосема друг сегмент.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една минута имаше контрареплика на репликата г-динот Џафери.

Процедурално имаше г-дине Рафис Алити.

Дали некој друг бара збор?

Г-дине Велиу дали барате збор? (Реплика)

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Реплика на што?

Господине Алити имате збор.

Повелете имате збор и ве молам немојте да реплицирате во вашето зборување.

РАФИС АЛИТИ:

Благодарам. пртседателе.

Јас навистина немав намера да дискутирам околу темата, меѓутоа, еве тука се отворија во текот на целото време и други теми, кои не се во однос на извештајот на Комисијата, така што покрај другото ќе го потсетам г-динот Слободан Чашуле (го опоменаа г-динот Алити го употреби името Коле Чашуле), тогаш се извинувам за Слободан Чашуле кој што  му кажав на пратеникот Талат Џафери дека тој е демагог, затоа што гаѓал во текот на 2001 година, итн. Така, некој го амнестирал него.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Говорете за извештајот и за ова, нема да дозволам реплики во вид на говор.

РАФИС АЛИТИ:

Ќе говорам и за Извештајот, меѓутоа, прво ќе се задржам околу дискусијата на Слободан Чашуле. Јас ќе го потсетам дека ние не баравме амнестија од никого, туку се амнестиравме токму од ова Собрание. Меѓутоа, истовремено ќе му поставам прашање, кој ќе го амнестира г-дин Слободан Чашуле што гранатираше во текот на 2001 година, недолжни цивили во регионите на Липково. Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Чашуле имате три минути.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Покрај лингвист, јас сум и експерт по меѓународно право. Амнестијата не амнестира сите. И, мислев дека со амнестијата ова ќе заврши и ќе го снема овде. Меѓутоа, очигледно има луѓе кои не се мират со фактот дека човек како што можат тие, може да си ја брани својата мисла, својот идентитет, својата култура,  на која јас и припаѓам, а таа се вика македонскиот народ, кој е доволно голем, широк, да може со себе како рамноправни да ги прифати сите кои живеат во оваа наша заедничка држава, во која само со доверба и без вакви препукувања, на кои практично ме натеравте, иако внимавав и вие упорно инсистирате на тоа во нешто што не е кажано да го откривате, оти ви пречи тоа што немате одговор на мојот предизвик. Вие сте Влада на Република Македонија и на вас е и како Влада и како политичари,

да градите мерки на доверба, и сите роми, срби, турци и албанци заедно со Македонците да се вратат дома. На ова прашање одговорете.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-динот Рафис Алити:

РАФИС АЛИТИ:

Ние како коалиција токму работиме на тоа, навистина, сите раселени лица да се вратат дома со надеж за соживот. Проценките за ова не се само од нас овде во Собранието, туку и од пошироката јавност. Многу анкети покажуваат дека сме на добар пат. Многу е лошо кога опозицијаа се занимава со дневна политика и прави предизборна кампања. Во несреќата на другите кои страдале во текот на 2001 и токму г-динот Чашуле и другите го прават ова.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Јас знам што Владата сработила, има извештај, има резултат, има докази, дали се добри или лоши, незнам, но јас знам дека ние нема ништо да сработиме ако вака продолжиме да ги користиме страдањата на обичните луѓе за едни вакви, по мене некоректни дискусии.

Повелете г-ѓо Кјзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам претседателе.

Се кажа многу во овие претходни денови по повод информацијата. значи, морам да ја потсетам јавноста дека на оваа точка за која разговаравме е информација за внатрешно раселените лица од Липковскиот регион и Арачиново. Оваа информација која ја има доставено постојната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓанинот, значи оваа Комисија му предлага на Собранието да ја разгледа оваа приложена информација, која содржи, покрај заклучлоците и извештаи од посетите кои ги има реализирано работната група. Во состав на таа работна група требало да бидаст г-ѓата Каролина Ристова, Блаже Стојановски и г-ѓата Теута Арифи. Меѓутоа, од записникот гледаме дека само г-динот Блаже Стојановски и г-ѓа Каролина Ристова биле учеснци на посетата која ја реализирала таа работна група во овој регион.

Јас морам да ги вратам настаните малку station наназад, нема да навлегувам во детали. Меѓутоа, за да имаме ние на денешната седница на дневен ред информација за внатрешно раселените лица од Липковскиот регион, пртходно морало нешто да се случи, за да ја имаме оваа информација на денешната седница. Факт е или хронолошки гледано дека ние имавме војна во 2001 година и како резултат на таа војна тие луѓе од тие региони, поради состојбите и воените конфликти кои таму се одвивале помеѓу УЧК и безбедносните сили, тие луѓе морале да се иселат од своите домови. Сепак, нивната безбедносна состојба била загрозена. Значи, ако ги вратиме малку назад настаните ќе видиме дека за да дојдеме до оваа информација, морало да има нешто. Е, тоа нешто е војната во 2001 година. И од тој факт никој не смее да побегне. Ниту колегите албанци, ниту колегите од албанската заедница, кои учествуваа во воениот конфликт. Досега многу пати имавме потврда да кажат кој бил ваму, кој бил таму, кој учествувал во оваа или во онаа единица, меѓутоа, факт е дека имавме војна.

Хронолошки, уште еднаш ќе Ве потсетам, дека како резултат на Рамковниот договор или пред Рамковниот договор во Република Македонија, Владата на Република Македонија, во тогашниот состав беше составена од широка коалиција. Значи имаше колеги и од позицијата, тогашната позиција и тогашната опозиција, а сега позиција. Дури имавме и министер за одбрана, Градот Скопје-динот Владо Бучковски, кој во тој период беше министер.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-ѓо Којзеклиска, доволно беше за современата историја, ајде сега малку кон иднината.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Претседателе, мораме да се вратиме, немојте да ми кажувате дали треба или не треба, затоа што оваа информација е како резултат на нешто. Е сега, мораме малку да го вратиме филмот наназад.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Затоа и Вас ве послушав две минути. . . .

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

И имаме ситуација, фактичка, дека имаме внатрешно раселени лица во Липковскиот регион и во Арачиново.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Тоа е факт. Дискутирајте за тоа и за заклучоците.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Од 15-ти септември 2002 година имаме промена на политичката структура во Република Македонија. Денеска сме 20-ти јули 2004 година. Значи, во овој период се занимаваме со разни-разни разно разни работи, други работи а раселените лица, еве трета година како остануваат во собирните центри.

И во самите заклучоци од Информацијата е наведено што треба да се преземе. Меѓутоа, пак почитуван претседателе, јас ќе го вратам филмот назад, затоа што Министерството за труд и социјална политика или поточно министерот за труд и социјална политика на тие луѓе им се испраќаше определена помош заклучно со декември 2003 година, не ме држите за збор. Вчера имавме можност, кој колеги не гледале јас ќе им кажам накратко, на некоја од информативните емисии, претпоставувам дневникот, мислам дека беше на “Сител” или на “А1”, имаше раселени лица со интервју, во определени собирни центри кои ја следеле вчера седницата на Собранието и кои, според она што го кажаа, се разочарани од тоа како се друго се зборува, освен решавање на нивните проблеми.

Е сега, ако сме веќе кај решавање на нивните проблеми, а имаме заклучоци што ги има предложено Комисијата, во првиот заклучок е наведено дека на внатрешно раселените лица од Арачиново и населените места од Липковскиот регион од воениот конфликт во 2001 година и покрај подобрувањето на безбедносната состојба, јас со ова не се согласувам, меѓутоа, ако така оди информацијата, можеби е така, не знам, сеуште им се повредени слободите и правата утврдени со Уставот на Република Македонија и со меѓународните конвенции за заштита. Особено во делот на неповредливоста на домот, правото на слобода на движење, правото секој да го избира местото за своето живеење.

Во самите заклучоци е наведено, во заклучокот број 8, согласно Анексот Ц - имплементација и мерки за градење на довербата, точка 3, враќање на бегалците, ревитализација и обнова на Рамковниот договор, сите страни да влоат особени напори за реализација на преземените обврски. Е, ова е многу интересен дел, затоа што ако претставниците на албанската заедница се сметаат како страна што треба да вложи особени напори за реализација на преземените обврски, јас и вчера реплицирав и денес ќе повторам, зошто тогаш госпоѓата Теута Арифи не беше

присутна на посетата што Работната група ја реализираше во Арачиново? Сепак, да се разбереме, госпоѓа Теута Арифи е пратеник од Демократската унија за интеграција во Собранието на Република Македонија, припадник на заедницата на албанците и значи, како една од најповиканите, најкомпетентните во изградбата на довербата, како многу колеги од ДУИ кои постојано го кажуваат за овие два-три дена, зошто тогаш таа не учествувала и да ги убедела и македонците и албанците од Арачинови, да започне еден чекор, еден мал чекор напред, а голем за човештвото, имаше една добра мисла, да направат мал чекор за да можеме, како што велат, да се врати довербата меѓу албанците и македонците во Арачиново. Значи, ние не можеме постојано и еднострано да ги гледаме работите, дека македонците се тие кои не сакале да се вратат во домовите, сакале да ќарат на имотот кој им е оштетен, а албанците секогаш се добрите, тие се домаќини, вредни, тие успеваат да се снајдат, а макеоднците не биле.

После сето она што се кажа, навистина, и на колегите од позицијата, во целост, не правам исклучок од која провијиненција се, сметам дека и овие заклучоци, вака како што се дадени, - значи Владата на Република Македонија, задолжените министерства да преземат итни мерки и активности со цел да се подобрат основните услови за сместување и исхрана, што не е само тоа, туку е и здравствената заштита и превоз и одржување на стабилната безбедносна состојба, јас навистина не можам да разберам зошто до сега Владата, во која што учествуваат и колегите од ДУИ, кои имаат свои министри, заменици министри, до сега не покажале со мал дел дека имаат намера или добра желба да почнат во работењето или конкретизирање на дел од наведените заклучоци.

Ќе повторам, ние сме сега 20-ти јули 2004 година. Значи, времето незапирливо минува. Раселените лица сеуште живеат во собирниците центир, во местата каде што се сместени, Министерството за труд и социјална политика ја укинува социјалната помош на тие луѓе, значи овде доста пати се спомна демагог, кој е демагог, кој не е демагог, можеби овие мерки и ќе дадат определена конкретна нивна реализација, ќе дадат некоја цел или успех, меѓутоа, вака како што се наведени, а со оглед на тоа дека времето незапирливо минува, има изминато доста време, навистина не знам кога овие заклучоци ќе можат да бидат реализирани за да на крајот, луѓето успеат на внатрешно раселените лица, независно дали се албанци или македонци, од Липковскиот регион, да се вратат во своите домови и конечно да започнат да живеат нормален живот.

Тоа е значи мојата порака и до Владата и до претставниците на албанската заедница кои учествуваат како министри во Владата и на пратениците од ДУИ. Малку, малку, еден чекор да направат во однос на реализирање на заклучоците. Искрено, со оглед на временскиот период што помина, немам верба дека овие заклучоци ќе бидат спроведени во дело.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

(Има барања за реплика)

Реплика?

Јас мислам да се откажеме од репликите затоа што госпоѓа Којзеклиска даде конечна дефиниција на повеќедневната расправа дека за се зборувавме, а најмалку зборувавме за иселениците. И, тука да завршиме.

Дали некој бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот.

Ги молам пратениците да влезат во салата, затоа што треба да се изјасниме по заклучоците.

Колку комисии работат во моментот?

Јас ги молам координаторите да ме информираат дали можат да обезбедат кворум или да дадеме пауза. Ќе почекаме класичните десет минути, ако не ќе дадам пауза пред десетте минути.

Добро, објавувам пауза, бидејќи како претседател имам право на еден час, моја пауза, а после пауза за ручек, така што паузата ќе трае до 14,00 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 14,оо часот)

Ги молам пратениците да влезат во салата да продолжиме со работа.

Молам службите да го утврдат бројот на присутните.

Почитувани пратеници, продолжуваме со работа.

Претресот е заклучен.

Имаме да гласаме за две информации.

Предлагачот на Информацијата, Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓаните поднесе Предлог заклучоци што се содржани во Информацијата.

Пратеникот Каролина Ристова поднесе предлог заклучоци што ви е поделен.

Предлогот на заклучоците поднесен од предлагачот на Информацијата Постојаната анкетна комисија за заштита на слободите и правата на граѓаните го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 63 пратеници, 15 пратеници гласале за, 6 вбоздржани а 42 пратеници против.

Констатирам дека Собранието не ги усвои тие заклучоци.

Предлогот на заклучоците поднесен од пратеникот Каролина Ристова го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 66 пратеници, 63 за, 3 воздржани, нема против.

Констатирам дека Собранието ги усвои предложените заклучоци.

**Минуваме на точката 25 - Информација за состојбата со есенските посеви и првичните оценки за очекуваното производство.**

Предлагач на Информацијата се пратениците Марјан Ѓорчев, Драган Ѓорѓиев, Мите Николов, Владо Паунков, Борче Петковски, Илија Србиновски, Ѓорѓе Паљошковски и Агим Џелили.

Информацијата ви е доставена.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави пратеникот Драган Ѓорѓиев.

ДРАГАН ЃОРЃИЕВ:

Благодарам претседателе.

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Ова е Информација за состојбите со есенските посеви и оценката за очекуваното производство, што има за цел да го прикаже вкупниот обем на засеани површини во производната 2003-2004 година со рани посеби како што се пченица, јачмен, р'ж, маслодајна репка, афионот, како и да се укаже на важноста на овие култури, посебно врз индивидуалниот земјоделски сектор и индивидуалните земјоделски стопанства што го произведуваат, со донесување на конкретни заклучоци да се влијае на Владата на Република Македонија, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство и Министерството за економија во насока на

подобрување на состојбата во овој сектор, стимулирање на земјоделските производители на овие култури, како и обезбедување на поволни услови за реализација на откупот на пченицата. Жетвата кај раните посеви оваа година се извршува на вкупна површина од 163 илјади хектари, од кои 120 хектари припаѓаат на индивидуалните земјоделски производители, додека кај останатите 40 илјади хектари жетвата ќе се изврши од страна на земјоделските претпријатија. Имајќи ги предвид особено поволните временски услови во текот на растот и развојот на раните посеви, реално е да се очекува оваа година да добиеме повисоки приноси во споредба со 2003 година.

Доминантно место од вкупните жетвени површини зазема пченицата со засеана површина од над 106 илјади хектари, што претставува 65% од вкупно посеаните површини со рани посеви. По неа доаѓа јачменот и тој е застапен на засеана површина од околу 50 илјади хектари, што претставува околу 30% од вкупните површини. Тоа пак значи дека пченицата и јачменот заедно зафаќаат дури над 95% од вкупните жетвени површини од вкупно засеаните површини во производната 2003-2004 година со рани посеви.

Ако за пласманот на јачменот би требало да се каже дека не би требало да се појават некои посебни проблеми од причини што земјоделците во голем дел јачменот го користат за сопствена исхрана во сточарството во замена за пченката, а дел од пивскиот јачмен може да се откупи од страна пиварската индустрија, истото тоа не може да се каже за откупот, односно пласманот и цената на пченицата. Имено, од 106 илјади хектари засеана површина со пченицата се очекува производство од околу 290 илјади тони пченица. Врз основа на овие податоци и, вршејќи споредба со претходните години се очекува оваа година да се понуди од страна на производителите пазарен вишок од 90 до 150 илјади тони пченица. Овде треба да се напомене дека заштитната цена на пченицата, Владата на Република Македонија треба да ја утврдува секогаш пред почетокот на есенската сеидба, а не пред и после завршувањето на жетвата на овие култури, за да можат самите земјоделски производители и земјоделските претпријатија, пред почетокот на сеидбата, знаејќи ја однаспред заштитната цена, да си ги планираат големината на површината што ќе ја засеат, очекуваните приноси од тие површини, вкупните приходи, вкупните расходи и тн.

Истото тоа ќе влијае поцитино и врз мелничко пекарските фирми, кога и тие неколку месеци пред самата жетва ќе ја знаат висината на заштитната цена на пченицата, со

што ќе можат полесно и подобро да го планираат, организираат и реализираат откупот на пазарниот одвишок на пченицата. Секако дека е неопходно потребно максимално меѓусебно ангажирање и соработка, односно заедничка стратегија на Владата на Република Македонија, преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостпанство и Министерството за економија од една страна и мелничко мекарските фирми од друга страна, како би се обезбедил организиран и поголем откуп за производителите на пченицата во нашата земја.

Позитивно е и тоа што распределбата на дозволените количини за увоз на пченица, државата односно Министерството за економија ги распределува според принципот кој откупил поголеми количини на домашна пченица, односно сразмерно на истиот му следуваат соодветни колични да увезе. Тоа значи дека увозот е дирекно врзан за откупот на домашната пченица.

Овде сакам да истакнам дека е потребно да се откупи пазарниот вишок на пченицата за 2004 година од домашните производители, значи да се откупи целиот вишок на пченицата што ја продаваат домашните производители, а потоа да се започне со доделување на дозволи за увоз на потребните додатни колични пченица. Сите овие податоци што укажуваат на тоа дека имаме повеќе од 160 илјади хектари засеани со рани посеви, дека вкупните очекувани приоси само за пченицата се очекува да бидат околу 300 илјади тони, дека во самиот процес на производство на овие култури се вклучени голем број на луѓе и огромен дел на земјоделска механизација и дека ова производство битно учествува во бруто домашниот производ и во намалувањето на увозот на пченицата, а со тоа и намалување на одливот на девизи од нашата држава, тоа значи дирекно или индирекно влијание на стандардот на нашите граѓани.

Поради сите овие работи Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство по оваа Информација ги предлага следните заклучоци, кои се надеваме дека ќе придонесат за поуспешна реализација на организиран откуп на пазарниот вишок на пченицата, за подобрување на условите, за одвивање на жетвените активности, притоа стимулирајки ги производителите за зголемување на сопственото производство.

Заклучоците кои што ги предлага Комисијата се следните: првиот и вториот заклучок се веќе исполнети, односно првито заклучок се однесува на тоа да оваа Информација ја разгледа Собранието, вториот да Владата ја разгледа можноста за определување на заштитна цена и тоа е сторено од страна на Владата.

Третиот заклучок се однесува  на тоа да Владата на Република Македонија, преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, ја разгледа можноста за обезбедување на средства, за подршка на земјоделските производители кои што произвеле одредена количина пченица по хектар над просечните приноси од оваа житна култура, што значи дека додатно да имаме можност да дадеме подршка на производителите кои што произведуваат повеќе  од просечните приноси по единица хектар. Инаку за оваа мерка може да се каже дека  е од таканаречените зелени мерки и за кои што нема ограничување на буџетската подршка.

Понатаму, четвртиот заклучок се однесува на тоа да Владата на Република Македонија , преку Министерството за финансии, поточно преку Бирото за стокови резерви на времено да интервенира во откупот на домашната пченица, на начин кој што е пропишан во Законот за стокови резерви, и по тој заклучок на самата седница на Комисијата имавме Информација од претставник  од Министерството, дека Бирото за стокови резерви најавува дека за откуп на пченицата во родот за 2004 година, има обезбедено околу 300 милијони денари.

Петиот заклучок вели дека со цел  на навремено одвивање на жетвените активности , потребно е Владата на  Република Македонија преку Министерството за финансии да ја разгледа можноста за обезбедување на олеснителни мерки за увоз на агротенички средства и резервни делови на механизацијата наменети за жнеењето, и тоа е заклучок кој што сериозно Владата треба да го разгледа, бидејки жетвените активности се одвиваат со механизација кој што во просек е многугодишна, односно стара механизација и затоа треба некои олеснителни мерки, посебно во делот на царинските стапки за да има олеснување во однос на  резервни делови и на набавување на таква механизација.

И, шестиот заклучок се однесува на тоа  овие заклучоци со Извештајот да се достават до соодветните институции на власта.

Тоа е накратко образложениието со конкретните заклучоци.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам, г-дине Георгиев, повелете г-дине Србиновски , имате збор.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Благодарам  почитуван  претседателе, почитувани пратеници,

Гледам за оваа Инфорамција нема претставници од Владата,нема никој присутен.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Информацијата не ја поднесе Владата.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Не ја поднесе Владата, меѓутоа мора да биде присутна тука.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Не е задолжително.

Продолжете.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Сакам да дадам некој кометар врз основа на оваа Информација затоа што бев присутен и на самата Комисија, ноне се согласувам со некои заклучоци.

Од дадената Информација може да се заклучи дека во родната 2003-2004 година посеани се скоро истите површини како во 2002/2003 година. Заради поволните климатски услови во текот на вегетационата година ние можеме слободно да оцениме дека оваа година имавме рекордно високо житна година со надпросечни приноси на земјоделските површини во Република Македонија. Радоста е кај сите земјоделци, пред се на почетокот на жетвата беше очигледно голема. Очекуваниот род е при крај на собирање, а и радоста од него сеуште трае. Меѓутоа таа испомешана со разочараноста на земјоделските производители од ставот на Владата.

Сакам да ве потсетам, господа министри од Владата и почитувани пратеници, не смееме да заборавиме дека пченицата и останатите житни култури се стратегиски земјоделски култури и мора да имаат заштитна цена. Вие дадовте заштитна цена, но не обезбедивте пари. Затоа до ден денес откупот не е отпочнат, а откупот и во наредните денови нема да продолжи, бидјеки не се задоволни како земјоделските производители така и преработувачите. Не обезбедувањето на парични средства изврши блокирање на целокупниот откуп . Нашите преработувачки капацитети немаат репроматеријали за работа, а на земјоделските производители пченицата им лежи во амбарите. Оваа година со собирање на реколтата од домашното

производство ќе се задоволат само 50% од потребите со житни култури за прехрана на населението и добитокот.

Сакам да поставам едно прашање до г-динот министер Јакимовски. Самиот тој пред две недели изјави преку медиумите дека увезле 30 илјади тони пченица по некоја цена што се ниди на нашиот Пазар од околу 8,5 денари. Како смеело да се трошат девизи и од каде сте нашле пари да се увезе таа пченица, а не сте обезбедиле парична маса за откуп на домашното производство. Како овој увоз сте го обезбедиле по пониска цена, за разлика од минатата година кога при истоварот цената беше 13,5 денари по килограм. Меѓутоа, за жал, не се тука министрите.

Исто така ве молам да ми одговорите кој изврши проверка на здравствената исправност на таа пченица од странство, дали се работи за квлаитетна пченица,употреблива за исхрана и т.н. Ние не сме против таквито увоз, и треба да се врши, но само во случај ког анавреме се откупи и исплати домашното производство. До ден денес откупот е стопиран. Не се врши никаков откуп, бидјеки и мелничарската индустрија се плаши да плати килограм пченица по 11 денари, кога веќе увозната пченица на пазарот се нуди по многу пониска цена.

Многу сме зачудени од г-динот минситер јакимовски,како толку брзо, кога треба да се увезе пченица, се прави тоа , а при откупот на домашното производство ниту покажал интерес, ниту се направила некоја програма. Едноставно речено, ги потценува земјоделските производители.

Сакам да кажам дека таквиот концепт на работа и не координираноста помеѓу Министерството за економија и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, може да доведе донегативни последици за житните култури, при штоне чека есенската сеидба и ако не се откупи овогодишниот род, површините посејани под овие култури видно ќе се намалат. Затоа предлагаме при издавањето на дозволи за увоз на земјоделскиот производ да не оди преку Министерството за економија, туку дозволите да се издаваат преку Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, бидејки тоа е меродавно, ја знае секојдневната состојба со залихата на одредени земјоделски производи.

Како што сега ни е ситуацијата, предлагаме државата преку Бирото за стокови резерви да изврши откуп и плаќање на житните култури по гарантираната цена која ја објави, а со цел да се прибави родот и на земјоделските производители да им се овозможи обрт на пари и подготвување за натамошните активности. Доколку не

преземете такви активнсоти, бидете сигурни дека лебното жито ќе се претвори во сточни трици.

Точно е дека во Република Македонија произведуваме скапо жито, но тоа се должи како резултат на недефинирана аграрна политика, без никаков концепт, што ние го бараме од земјоделието како стопанска гранка. На оваа проблематика повеќе пати сме укажувале, но до ден денес ништо не е сторено. Земјоделското производство го направивме  екстензивна стопанска гранка. Затоа бараме од ресорните министерства на Владата да изработат акционен план за развој и поттикнување на земјоделското производство, се со цел да биде поконкурентно и по економично,како за домашниот Пазар , така и за извоз.

Од дадениот материјал сакам да извршам дополнвување на точка два во која , со таканаречените времени  мерки, Владата може да преземе директни интервенции со што ќе ги подобриусловите на земјоделското производство и со една долгорочна стратегиска програма ќе овозможи нејзино интензивирање.

Високата цена произлегува како резултат на скапите земјоделски репро материјали кои околу 90% се од увоз и како што е состојбата денес на нив се плаќа ДДВ 18%. Затоа апелираме до Владата, заради поттикнвување на развојот на земјоделието, земјоделските репро материјали да имаат повластена стапка од 5%.

Како што реков,  Владата ја утврди заштитната цена во екот на годинашнава жетва и ги почасти земјоделците со половина денар повеќе од лани.

На Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство, беше претставникот на Министерството за земјоделие и рече дека ќе се плаќа пченицата 12 денари и 050 дени за превоз , тоа е некаде 12,5 односно 13 денари. Меѓутоа во пракса не е така. Има луѓе кои пченицата ја откупуваат по 8 денари, по 9 денари. Апсолутно не е организиран откупот. Особено доаѓам од едно подрачје во Битола каде има засејано некаде 20 илјади хектари површина со пчениц аи се очекува род некаде околу 60 илјади тони, штоприватен , што државен сектор и мислам дека таму откупот не е организиран.

Сега, се ќе беше во ред ако оваа цена ја прифатеја мелничките претпријатија кои треба да ја откупат и да ја платат Пченицата. Меѓутоа тие не даваат повеќе од 9 денари, бидјеки увозната пченица е многу поефтина и за нив нема логика да платат два денари повеќе.

Во цела оваа ситуација Владата го кажа последниот збор. Наместо да го штити домашното производство,како и секоја друга земја, особенокога се собира

лебното жито и се  обезбедува земјата за цела година, Владата ја укина заштитната цена за наредната година. Одговорт од надлежните  е дека тоа ќе се регулира како во Европската унија, со субвенционирање на земјоделците.

Министрите за земјоделство и економија велат дека вака на производителите ќе им биде подобро и дека со субвенционирањето ќе нема потреба од заштитна цена . Наместо да ја носат пченицата во силосите каде што и е местото, тие ја носат по дворовите и планираат да ја трошат како храна за стоката. Тие немаат намера да купуваат трици од 12 денари, а да ја продаваат пченицата по 9 денари по килограм. Тоа мене ми изгледа доста смешно и несериозно сватено од страна на Валдата бидјеки на сите нас ни е познато дека земјоделското производство претставува основен столб за развој и опстанок на државата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Господине Србиновски 7 минути зборувате за нешто што не е во Информацијата. Имаме на дневен ред Информација за  состојбите со есенските посеви и првичните оценки за очекуваното производство.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Да, меѓутоа се работи за цената г. претседателе.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Да, ама  тоа во Инфорамцијата го нема. Девалвирате информации. Во иднина нема да прифатам вакви информации.

Јас сум известен дека имате консензус во Комисијата за овие заклучоци. Зборувајте за тоа. Зборувајте за точката на дневен ред. Ако сакате за цената, ќе отвориме нова информација, нова точка на дневен ред.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Почитуван претседателе, се зборуваше на Комисијата и за цената. Јас лично бев против тие заклучоци изатоа си земам за право да дискутирам по оваа Инфорамција, затоа што се зборуваше, имаше нивни претставник кој рече дека 12,5 денари ќе биде откупот напченицата. Меѓутоа не е така.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Информацијата е сосема за нешто друго.

Повелете, завршете со дискусијата.

Одговорт од надлежните е дека тоа ќе се регулира како во Европската унија, со субвенционирање на земјоделците.

Министрите за земјоделство и економија велат дека вака на производителите ќе им биде подобро и дека со субвенционирањето ќе нема потреба од заштитна цена . Наместо да ја носат пченицата во силосите каде што и е местото, тие ја носат по дворовите и планираат да ја трошат како храна за стоката.

Земјоделците од Битола па и цела Република Македонија соправосе жалат дека за да се посее еден хектар пченица потребни се 30 илјади денари да се посее еден хектар. Затоа ние и на Комисија и секаде баравме цената да биде најмалку 14 денари по килограм.

Ќе ги кажам трошоците за да се посее еден хектар, за да ги знаат пратениците овде и целата јавност. Имено да се посее еден хектар потребни се следните трошоци:

Ако за основна обработка се употребат 6 илјади денари, за дополнителна обработка 4 илјади денари, за ѓубриво 6 илјади денари, заштитни средства 5 илјади денари, семејски материјал 3 илјади денари, жетва 4 илјади денари, транспортни трошоци 2 илјади денари, тоа е вкупно 30 илјади денари. Значи Владата тоа што го нуди по 10,5 денари по килограм, значи 30 илади се недостапни, а камоли тука да се стави и човечкиот вложен труд троишоците за механизација и амортизација. Затоа јас лично на Комисија барав пченицата да биде платена 14 денари покилограм за да може да им се исплати на земјоделците.

На Владата и порачуваме да си го чува домашниот леб бидејки тој е најсигурен. Никој нека не се радува на ефтина увезена пченица и добрата жетва во Унгарија, Бугарија, Србија и т.н., бидјеки минатата година кога немаше доволно пченица, бидејки жетвата низ Европа беше сиромашна, нашата држава плати и 13 и 16 денари за килограм. Земјоделците се загрижени и не знаат каде да се обратат и што да направат бидјеки во државата валдее општ хаос при откупот на пченицата. Тоа е евидентно во Битола. Јас од таму сумпратеник и знам , се движам на терен и гледам дека пченица се купува за 8 денари, за 9 денари. Истот ака Министерството за економија и за земјоделие немаат најдено начин , а треба да седнат и со “Жито-Битола” да се договорат, бидјеки таму треба некаде 50-60 илјади пченица да се откупи. Јас ве уверувам дека “Жито-Битола” немаоткупено ни 500 тони пченица. Луѓето ја чуваат пченицата по амбарите и по дворовите. Затоа апелирам штопоитно

да си седнат Министерството за економија и Министерството за земјоделие со мелничката индустрија да најдат начин што побрзо да се откупи оваа пченица.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Џелили.

ЗИДИ ЏЕЛИЛИ:

Почитуван колега вие ширите дезинформација дека не се прибира пченицата во Република Македонија , што не е вистина. Напротив сите организации кои ја откупуваат пченицата, според податоците со кои јас располагам, имаат право на еквивалентен начин да користат и од увозната пченица. Министерството за земоделие, шумарство и водостопанство е заентересирано и ние сме заинтересирани пченицата што побрзо да се откупи и да не се чува во силоси.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете г. Србиновски една минута.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Претставникот од Министерството за земјоделство,шумарство и водостопанство на Комисијата самиот рече дека по 12,5 денари ќе биде платена пченицата и 050 денари за превоз по килограм. Меѓутоа веднаш после завршувањето на Комисијата Владата заседавала и донесува Одлука 10,5 денари. Јас ве убедувам дека во Битола се врши откуп кој како знае, по 8 денари и пченицата стои уште по дворовите и амбарите. Ни 500 тони нема предадено во "Жито-Битола", а реков треба да се откупат 50 иљади тони пченица.

ЉУПЧО ЈОРЕДАНОВСКИ:

Повелете г-дине Најдовски имате збор.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

На почетокот сакам да кажам, дека во основа подржувам секогаш информации, закони, предложени од пратеници и во оваа прилика би подржал расправа, но сакам да се осврнам на неколку работи кои што се изнесени во како во

самата информација така  од дискусијата на поедини колеги штопред мене дискутираа.

Прво, сакам да кажам дека ова е четиринаесетта година на повеќепартиски парламент и секоја година, некогаш сум бил пратеник , некогаш сум велел нема, година во која што во почетокот на јули месец не се поднесува ваква информација и тоа претежно од пратеници од  опозицијата, без разлика која партија кога била во опозицијата. Сега малку зачудувачки е што пратеници од владиното мнозинство целосно ја подржаа Информацијата и предложија заклучоци на коиподоцна ќе се осфрнам, кои се целоснооствaрени. Меѓутоа, добро е да има консензус по одредени прашања, но сепак сметам дека тие треба да бидат реални.

Прво би сакал да гокажам своето мислење околу тоа даи се седнало со откупувачите од Битола. Во четвртокот колку што јас ја имам Информацијата можеше и да се прочита и да се слушне од медиумите, имаше средба меѓу министерот за економија, претставници на производителите, на индувидуалните производители и претставник на “Жито-Битола”, во Министерството. После неколку дена активни разговори,можете денес да прочитате, од вчера “Жито Битола” ја откупува пченицата. Меѓутоа не мислам дека се решени сите проблеми. Проблемите може би допрва ќе дојдат. Но, заради информација, таа цена, барем од она што можеше да се прожита во медиумите, се применува.

Зошто сметам дека треба вакви информации наместо да имаме во јули, кога се жнее, да ги имаме во ноември, декември, кога можеме на еден подобар начин наместо популистички и политичко пропаганден начин да имаме адекватен систем, систематски начин за приод на решавање на проблемите и тогаш можеме да донесеме многу поквалитетни решенија во расправата и во овие услови не можам поинаку да оценам од популистички аспект или од одредено градење на среќа што многу пати го повторуваме, на туѓа несреќа.

Само да напоменам есеноска овдека имаше настојување да се докаже со есенските посеви е проблем и дека никој во Македонија не сее, да сметаме тогаш дека некои колеги пратеници кажуваа, есенската сеидба е пропадната и воопшто не се засеани површините. За да денес, од истите или други колеги пратеници го чуеме податокот дека се зголемени за 7,2% есенските посеви во однос на минатата година. Тоа покажува дека кога избрзано реагираме, доаѓаме до избрзани решенија,

избрзани заклучоци кои што наместо да помогнат можат да не одведат во погрешна насока.

Од самата информација која што е поднесена, од она што можеме да го осознаеме онолку колку што се нашите стручни можности, бидејќи сепак ова бара потесни стручњаци, може да се види дека основниот проблем се есенските посеви и тоа со пченицата, со жетвата не лежи на ниедна страна освен страната на откупот и добивањето на заштитната цена и прашањата кои што следат после тоа.

На Македонија и се потребни некаде за сопствени потреби околу 250 до 270 иљади тони пченица годишно, а откупува, нагласувам откупува, а не произведува од 120 до 150 иљади тони. Остатокот се користи како сточна храна, како што беше спомнато од колегите.

Што значи, првото прашање, првиот проблем кој што денес ние не можеме да го решиме, туку стратегиски мораме да го уредиме за Македонија е прашањето на откуп на произведените  количини во Република Македонија, кои што произлегуваат од есенските посеви, па врз основа на тоа да можеме да градиме насока за натамошни активности на овој план, како би го намалиле и увозот на пченица и одливот на девизи. Но тоа не можеме на ваков начин и денес да го решиме, за тоа мислам дека е потребна една стратегија подолгорочна.

Имено, во оваа област се јавуваат спротивставености на кои што треба најсериозно да приjдеме. Во самата информација изнесено е дека производната цена на килограм пченица кај нас изнесува 16 денари по килограм. Заштитната цена е 10,5 денари плус 0,5 денари од килограм и како трета спротивставеност на ова ќе се јави принципот или начелото на пазарната цена. Овие три работи кај нас се спротивставени и ние тешко можеме да изнајдеме во овој момент начин тоа да го разрешиме и можеме да кажеме дека и 18 денари ние да кажеме да биде производната цена но пазарот точно ја турбулира која е цената на одреден производ. Ние треба да бараме начини како или да ја намалиме производната цена, цената на чинење кај производителите, со одредени мерки кои што се во рамките на можностите, во рамките на оние договори кои што не само оваа Влада, туку и претходната Влада и ред други влади ги потпишувале со меѓународни организации, институции во согласност со регулирање на овој проблем. Или пак, од друга страна да воведеме стимулации, онолку колку што може да се дозволи согласно меѓународните договори кои што ги имаме потпишано. Во спротивно, ние ќе се наоѓаме постојано во судир помеѓу нашата производна цена и пазарната цена која

што е постигната на пченицата на светскиот пазар и постојано ќе ни се јавува оној проблем. Точно е дека минатата година беШе 13, 15, до 16 денари, па затоа ја купуваа овие наши увозници, затоа ја плаќаа толку, бидејќи толку чинеше на светскиот пазар. Пченицата на светскиот пазар има многу помала вредност. Можеби до година повторно ќе има поголема вредност од количините кои што ќе се нудат на светскиот пазар. И ние сакале или не сакале не можеме да избегаме од тие механизми на светскиот пазар кои што ќе се јават во оваа област. Но од друга страна можеме да придонесеме со предлагање на одредени мерки, ќе напоменам, во согласност со законите што можат да ја подобрат оваа област бидејќи одредувањето на откупната заштитна цена не значи автоматски откуп на цената која што може да се постигне. Може да се постигне или повисока или пониска. Заштитната цена можеме да ја одредиме за оние количини кои што ќе ги откупи државата и тука ние можеме со механизми да влијаеме на откупувачите. Инаку тогаш зошто носиме закони за слободен пазар во Република Македонија. Тогаш треба да кажеме дека ние сме за слободен пазар, но кога нема да ни одговара тоа, ние ќе имаме други механизми.

Мислам дека тука ќе мора да се бара решение во иднина, ние ад хок решенија не можеме да понудиме и да дојдеме до нив. Ќе дојдеме до еден судир, она што го спомна колегата Србиновски. Најголем проблем ќе биде во Битола. Битола е најголем производител на пченица. Битола треба да откупи, односно Жито Битола треба да откупи околу 40-50 илјади тони пченица.

Стоковите резерви одредија дека ќе откупат 30 илјади пченица. Ако Жито Битола ја откупи пченицата 50 илјади тони по 10,5 денари плус 0,5 што е заштитната цена, ќе се најде во судир, ќе се најде во неповолна положба како откупувач, во однос на сите откупувачи во Република Македонија кои што ќе ги откупат количините од своите региони, но кои што имаат мали количини и тие во тој период после тоа ќе дојдат во многу поповолна положба на пазарот. Затоа можеби не е вокалистички, треба да се размислува резервите да се пополнуваат и онаму каде што има најголем вишок на пченица, тоа е во овој момент Битола, односно Пелагорнија.

На крајот, би сакал да се осврнам со неколку реченици на заклучоците кои што ни се понудени.

Реков дека ја поддржувам во основа Информацијата поднесена од пратениците. Но сметам дека ако ги повлекоа првите заклучоци предлагачите излишни се или целосно се неприменливи заклучоците кои што сега ги предложија.

Првиот заклучок е во ред, Информацијата да се усвои.

Вториот заклучок да се одреди заштитна цена, господинот Ѓорѓиев кажа, Владата на своја седница, мислам на 5 јули беше и ја одреди заштитната цена за откуп на пченицата. Тој заклучок е веќе завршен.

За заклучокот број 3, морам да ви кажам малку ми се нејасни овие зелени мерки за натпросечна површина над просечните приноси на оваа житна култура. Нема натпросечни. Во Европа, во светот се оди зелените мерки да бидат по единица површина. Ако се натпросечни приноси, да речеме срцето на Пелагонија 6 тона од хектар, натпросечни за Овче Поле, можеби се  2 тона, или пак другите делови на Пелагонија да се 3 тона натпросечни приходи. Ваква мерка мислам дека е неприменлива и оваа мерка е само предложена да стои во заклучок, но таа во пракса е неприменлива.

Одиме на четвртиот заклучок. Владата да откупи за стоковите резерви пченмица, а Владата на 5 јули донесе одлука господа 30 илјади дони и деновиве не знам дали е објавен тендерот за откуп. Шро значи и овој заклучок е веќе поминат или е неостварлив, ако не го промените да откупи 100 илјади тони. Но од друга страна, ние пред еден месец овде донесовме закон за стокови резерви. Ние пратениците го излгасавме Законот за стокови резерви. Не може да предлагаме заклучок кој е спротивен на Законот за стокови резерви, кој што самите го донесовме пред еден месец. И се знае дека Министерството за финансии, односно Бирото за стокови резерви, кое што е во склоп на Министерството за  финансии, може да работи врз основа на тој Закон. Или на крајот петтиот заклучок околу резервните делови за жетвата. Тоа помина. Тој што работи, тој што жнее, тој уште во април, мај си обезбедува резервни делови. Така да, оние заклучоци, не да не ги прифаќам, туку се излишни сега кога веќе ние, односно Владата ги донесе тие мерки и кога веќе скоро сите тие се реализирани.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Повелете господине Србиновски имате три минути реплика.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Не се работи сега  што дојде на дневен ред Информацијата почитуван Слободан, меѓутоа, оваа Информација кога беше, поминаа два месеца и затоа можеби доцни. Меѓутоа, ако сум јас од твоја позиција јас би зборувал така. Меѓутоа, не треба така да зборуваш, затоа што ќе те прашам, кажи ми кој земјоделец во Битола има добиено по 12,5 денари плус 0,5о денари премија. Тоа го правеше минатата Влада ние кога бевме на власт им плаќавме веднаш пари. Продадено жито земени пари. Направете вие така, тогаш ќе признаам дека Владата работи нешто.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Една мала исправка. Оваа Информација беше предложена од господинот Ѓорчев за претходната седница, пред 15 дена и тогаш го замолив, бидејќи не беше напишана, да ја напише, да ја погледате на комисијата и ќе ја ставиме на дневен ред на оваа седница. Според тоа, не е точно дека пред два месеца била Информацијата.

Повелете господине Најдовски една минута контра реплика.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Претседателе само потврдивте, бидејќи господинот Србиновски треба да си ги чита материјалите кои што се нудат и на штембилот на материјалите пишува поднесено на 1.07. Тоа не е два месеца. Но сега конкретно за репликата.

Точно е дека Владата на ВМРО-ДПМНЕ во 2002 година донесе Одлука која што ја објави или не ја објави во Службен весник дека покрај 30 илјади тони откупиле уште 40-50 илјади тони и за тоа ќе следувала премија од 2 денари. Основниот проблем со откупот во Битола настана тогаш. Донесоа Одлука, парите никаде не ги дадоа. Го задолжија Фондот за земјоделие со 600 милиони денари и ден денес на Жито Битола таа Влада му должи 40 милиони денари и од тие проблеми тогаш, од тие резерви што донесовте Одлука, а парите нигде ги немаше, можеби ги знаете вие каде отидоа тие пари и од тогаш настанаа тие проблеми. А што да ви правам кога не разбирате вие што е пазарна цена, што е откупна цена и заштитна цена. Тоа е ваш проблем.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и ги молам пратениците да влезат во салата. Ги молам пратениците да влезат во салата, треба да пристапиме кон гласање.

Бидејќи го заклучив претресот продолжуваме понатаму и предлагачите на Информацијата го повлекоа Предлогот на заклучоците, содржан во Информацијата.

Предлогот на заклучоците содржани во Извештајот на Комисијата за земјоделство, шумарство и водостопанство го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 58 пратеника, 55 гласале за, 2 воздржани и 1 против.

Во салата се присутни 63 пратеника.

Констатирам дека Собранието ги усвои предложените заклучоци.

Минуваме на точката 26 - **Информација за приватизационата постапка на ПОЛС, АИК “Лозар” - Битола.**

Информацијата Ви е доставена. Предлагачи се пратениците Слободан Најдовски, Томе Тромбев и Борче Петковски.

Отворам претрес по Информацијата..

Повелете господине Најдовски.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Јас ќе се обидам да бидам краток, максимум десетина минути и сметам дека и за брзо време ќе ја завршиме оваа Информација.

На сите вам ви е добро познато за случајот за приватизационата постапка на “Лозар” - Битола, а со приватизацијата на “Лозар” е запозната и македонската јавност. Но накратко само неколку работи сакам да посочам дека во процесот на приватизацијата, или поточно речено трансформација на АИК “Лозар” - Битола, настанаа голем број нејаснотии, контрадикторности и донесување на решенија, а потоа истите поништувани и повторно донесувани. Гласање во судови како да е парламент изземање на битолското апелационо подрачје и ред други работи.

На крајот, со донесување одлука на Врховниот суд на Република Македонија во јавноста се стекна впечаток дека случајот “Лозар” е завршен со доделување на “Лозар” на ЦИ Продукт. Но во стварноста не е така.

Што е всушност одлуката на Врховниот суд? Тоа не е одлука дека “ЦИП Продукт” се неповолни понудувачи. Таа одлука е дека вработените немаат право на судска заштита иако се учесници на тендерот, што значи до ден денес не постои

одлука на суд дека постапката при бодирањето е во ред. За постапката при бодирањето расправата во судот започна во понеделникот на 12.07.2004 година, иако вам пратениците во Информацијата што Ви е доставена воглавно ви е изнесена хронологијата на настаните и поткрепена со дел од документи, во оваа прилика би сакал да потенцирам неколку моменти интересни кои во предлогот Информацијата до Собранието доставена од Агенцијата од 8.5.2002 година, што значи пред овој Парламент. Во таа Информација дел од аргументите се пропуштени.

По завршувањето на сите претходни постапки, вработените се стекнале со 34% од капиталот од претпријатието, 14,38 беа отстапени на ПИОМ, а останаа за приватизација 51,50% од вкупниот капитал.

По објавениот оглас на 25.5.2000 година за приватизација за прибирање на понуди за продажба на преостанатиот дел т.е. 51,50% од вкупниот капитал на лица кои го преземаат управувањето, започнуваат сите заврзлами и нејаснотии. Тоа остава пат за сомнеж и им дава право на вработените да не веруваат во исправноста на постапката за приватизација. Имено, се работи за следното:

По јавното отворање и извршеното бодирање од Комисијата при Агенцијата за приватизација е направен записник. Според тој записник предност добива понудата на вработените со 1105,53 бода. “ЦИП Продукт” добива 1002,45; а третиот понудувач 405,72 бода. Но, тука господа се случува еден интересен момент. Овој записник, тоа е запизникот кој е направен од таа Комисија во Агенцијата, го нема во документацијата на Агенцијата, туку постои информација број 095538/1 упатена до Управниот одбор на Агенцијата од која во точка 7 од истата Информација стои, цитирам: “Во текот на оваа недела направено е бодирање и е предложена неповолна понуда”. Но оваа наведена Инфорамција не била разгледувана од Управниот одбор. Напротив, на 5.2.2001 година формирана е нова Комисија во Агенцијата, елиминирана е претходната. Оваа Комисија извршила ново бодирање и како најдобра понуда ја оцени понудата на “ЦИП Продукт”. После два приговори на вработените следуваат две поништувања и две потврдувања на донесеното решение. Второто потврдување беше на 7.09.2001 година. На 18.09.2001 година директорот на Агенцијата го стави во мирување решението од 7.09. и побара смена на Комисијата која вршеше бодирање и при бодирањето на новите членови на Комисијата да и помогне независна меѓународна ревизорска куќа. Но, Управниот одбор на Агенцијата не го прифати предлогот на директорот на Агенцијата. После тоа на 18.10.2001 година следува потпишување на договор помеѓу Агенцијата и

"ЦИП Продукт", но после тоа се донесуваат одлуки, заклучоци и укинувања од одредени државни институции.

Владата на Република Македонија на 6.11.2001 година зазеде став да не се меша во оценката на Агенцијата по чија одлука овој Комбинат е продаден на "ЦИП Продукт", но во врска со критериумите и бодирањето на критериумите тогашната Влада и препорачува на Агенцијата да изврши прецизирање на критериумите со помош на независна меѓународна консултантска куќа. Тоа до денеска господа не е направено, а токму тука во примената на тие критериуми т.е. критериумот - цена  е целиот проблем. Токму тука е извршена неправилна примена на критериумите. Тоа го признава и Агенцијата за приватизација, но прилично доцна, намерно или не во допис до Владата од 13.12.2002 година. Тој документ е следниот, кој тешко тогаш во тоа време излегол во јавноста. Во овој документ стои, цитирам: тоа е документ потпишан од тогашниот директо на Агенцијата за приватизација господинот Бранко Брајковски. "Комисијата во врска со наведената информација, а имајќи ги во предвид критериумите за оценката на понудите изврши увид во начинот на пресметување, доделување на бодови за секој од елементите поединечно во понудите доставени од Месер и вработените и "ЦИП Продукт" при што го констатира следното:

Основната разлика се јавува во бројот на доделени бонус поени на "ЦИП Продукт" при бодувањето на елементот - цена. Според утврдените критериуми овој елемент истовремено  се вреднува и на апсолутно и на релативно ниво. При доделувањето на поени за елемент - цена на апсолутно ниво се применува следното правило: доколку во некоја од програмите се појави цена која е двојно повеќе од проценетата, бројот на дополнителни поени кои ги добива таа понуда изнесува 200. Номиналната цена на една акција е 100 ДМ тогашни. Цената понудена од "ЦИП Продукт" за една акција е 330 ДМ, што значи дека го исполнува горе наведениот услов и на апсолутно ниво можела да биде оценета со максимум 200 поени, а не 460 кои се доделени при првото оценување.

Со увидот направен во првото оценување на понудите произлегува дека е користен пропорционален метод во бодување на елементот - цена. Во образложението на критериумите за оценка на понудите утврдени се бонус бодови кои се доделуваат при апсолутно вреднување на елементот цена и не е предвидено користење на пропорција при бодирање на апсолутно ниво.

Користењето на пропорционален метод во бодувањето е предвидено при оценување на елементот - цена на релативно ниво.

Ова сакам посебно да го потенцирам од самиот извештај и овој пристап користен при доделување на бонус поени понудата на “ЦИП Продукт” да биде прецелнета со плус 260 поени, што во конечното оценување на понудите овозможил значителна предност пред понудата на Месер со вработените. Тоа го тврди Агенцијата за приватизација. Таа тврди дека е неправилно извршено бодирањето. Тоа на секого му е јасно, но изгледа не му беше јасно само на оние кои цело време правеа залрзлами на институциите и органите на државата овој проблем да не се разреши.

Кога тоа така се завршило, Владата донесува одлука или заклучок, велам тогашната Влада на Република Македонија да се вклучи Јавниот правобранител. Тогашниот јавен правобранител кажува дека не е оштетен општествениот капитал, смислено сценарио за да се исклучат вработените од натамошната заштита на своите права.

Во оваа прилика не би сакал да ве замарам, а точно е утврдено кога при постапката за бодирање една од страните е оштетена, што значи оштетен е и доаѓа до намалување на општествениот капитал, но, не би сакал да должам во оваа прилика по однос на тоа прашање.

Убеден сум дека сегашниот јавен правобранител кој по одлуката на Врховниот суд поднесе барање до надлежните судски органи ќе истрае, верувам во него до крај да ја истера постапката.

Многумина меѓу вас, читам деновиве во медиумите, си го поставуваат прашањето зошто е барана оваа Информација сега кога во медиумите прочитале дека состојбата е смирена и дека почнало да се рабоит. Одговорот е еден и едноставен гопода. Ниту тогаш ниту порано, ниту сега заземам страна на овој или оној, сум за тоа да одговара секој што погрешил, но во оваа ситуација сакам да докажеме и да видиме да анализираме како функционирале институциите на системот во Република Македонија. Ако тие погрешиле, тука е одговорноста. Дали некој се договарал, дали некој некого плаќал, дали некој од нешто имал корист и од тие претставници на вработените, ако некој го прекршил законот и тој да одговара, но мора да се покаже како функционирале институциите во државата и кои се нивните конечни одлуки заради тоа што на крајот на краиштата мора ние како пратеници да се бориме да се дознае вистината за целокупниот случај “Лозар”.

Посебно е интересно што договорот или смирувањето на случајот настана во оној момент по 12.07 оваа година кога веќе судот донесе одлука дека е извршено погрешно бодирање и дека за тоа треба да има вештачење. Иако од Економскиот факултет, а мое лично убедување е дека нема потреба за никакво вештачење кога Агенцијата признава дека е извршено погрешно бодирање, јас се надевам дека Економскиот факултет нема да си го стави на испит своето реноме и дека ќе постапи правилно во оваа ситуација.

На крајот само уште 2-3 реченици околу заклучоците. Ако добро ги погледнавте заклучоците, ние не бараме ништо повеќе, туку во заклучоците бараме надлежните институции, кажуваме Судскиот совет, Владата и другите органи во рамките на своите надлежности, а не Парламентот, бидејќи Собранието нема некои надлежности во оваа област, туку тие органи во рамките на своите можности и надлежности да ја испитаат работата и да предложат решенија и заклучоци, согласно Законот во Република Македонија.

Јас се надевам дека ќе ја прифатите оваа Информација и заклучоците кои се предложени.

Благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам господине Најдовски.

И под ризик да ми се налутите, јас имам чувство дека ние не сакаме да докажеме, туку сакаме да судиме и затоа било каква понатамошно користење на одлуки и коментирање на одлуки на судот, јас ќе му го одземам зборот на било кој пратеник, бидејќи се бориме за независност на трите столба на власта.

Збор има Борче Петковски, а потоа нека се подготви Блаже Стојаноски.

БОРЧЕ ПЕТКОВСКИ:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Во ПОС-АИК"Лозар" - Битола работат некаде 216 луѓе. Овие вработени преживеале многу турбуленции во својата фирма. Доживеаа стечај во 1994 - 1995 година заради несовесно мангупско работење на тогашниот менаџерски тим кој, морам да напоменам, денес се во функција на ЦИП "Продукт" и тоа на клучните позиции во фирмата.

Овие вработени имаа во наследство милионски суми долгови. Со нивно максимално залагање на секој поединец успеаа во оваа фирма од пропадната да ја донесат во еден силен профитабилен Комбинат кој стана интересен за купување и за странци и за домашни бизнисмени, но и за бизнис мангупаријата. Посебно стана интересна за нив, бидејќи тие знаат на многу вешт начин да ги користат слабостите на системот, да ја користат поткупливоста на одредени функционери и на лесен начин да дојдат до својата цел и да остваруваат големи профити.

Зошто во Информацијата која ја поднесовме сметаме дека е потребно Владата на Република Македонија да ја преиспита приватизационата постапка на ПОС-АИК"Лозар" - Битола и зошто сметаме дека е потребно Републичкиот судски совет да ја испита работата на сите судии вклужени во судскиот процес во врска со приватизационата постапка на ПОС-АИК"Лозар" - Битола.

Според документите кои ние како предлагачи на Информацијата ги имаме видено кои колегата Најдовски ви ги презентираше, постојат непобитни показатели дека бодирањето на Агенцијата за приватизација е погрешно направено и на "ЦИП Продукт" неосновано се дадени повеќе подови. Веднаш стана јасно уште на почетокот на приватизационата постапка дека се игра нечесна игра. Агенцијата за приватизација своите одлуки за продажба на претпријатието неколку пати ги поништувала. Носеше одлуки во корист на "ЦИП Продукт", па во корист на вработените и се така додека не се стокми работата онака како што некоја крупна ѕверка нарачала. Меѓутоа, за нивно е жал, документите останаа во Агенцијата за приватизација и денес добиваат своја виделина. Еден таков документ ви е презентиран и во материјалите кои ви ги доставивме со Информацијата каде јасно се гледа каде е направена грешката, да не речам бандитизмот во Агенцијата за приватизација.

Од материјалот што ви го доставивме со Информацијата, можете да видите дека информација за текот на постапката за трансформација на ПОС-АИК"Лозар" - Битола како и критериумите за оценка на понудите за менаџерски откуп се доставени до минатиот состав на Собранието на Република Македонија од страна на Агенцијата за приватизација и тоа на 12.07.2002 година од каде јасно може да се види дека бодирањето е неправилно извршено. За жал, оваа Информација по наредба веројатно на истата голема ѕверка завршила во нежија фиока во Собранието и воопшто не дошла на расправа во Собранието во минатиот состав.

Понатаму, по донесувањето на одлука во Агенцијата за приватизација за продажба на претпријатието “ЦИП Продукт”, започнува уште една скандалозна игра, за жал, во судовите. Секако целата игра по нарачка на големата ѕверка.

Најбитна работа, во текот на судската постапка е тоа што Агенцијата за приватизација пред судот признава дека направила грешка во бодирањето, меѓутоа, заради задоволување на интересите на големата ѕверка овој факт никој не го гледа, туку е вешто избегнат.

Интересно е да се каже тоа дека пред судот во Битола целокупната постапка е завршена во корист на вработените. Меѓутоа, се случува уште еден процес по нарачка на големата ѕверка, па со одлука на Врховниот суд се одзема целото битолско апелационо подрачје и целата игра продолжува да се води во скопските судови и тоа не за да се утврди материјалната вистина дека е направена грешка во Агенцијата за приватизација и неосновано на “ЦИП Продукт” се дадени повеќе бодови, туку играта се игра дали вработените имаат активна легитимација или не, значи дали може да бидат странка во спорот.

Уште еднаш напоменувам дека пред судовите Агенцијата за приватизација признава дека направила грешка и неосновано на “ЦИП Продукт” му дала повеќе бодови, а со тоа практично е оштетен општествениот капитал. Веднаш се поставува прашање зошто поранешниот јавен правобранител дал мислење занемарувајќи ги сите факти дека општествениот капитал не е оштетен. Се поставува прашање по чија нарачка го направил тоа. Дали треба да се покрене постапка за негова одговорност. Целата оваа постапка завршува во Врховниот суд со пресуда која кажува дека вработените не можат да бидат странка во спорот. И толку, ништо повеќе. Оваа пресуда ни кажува. Пресудата во Врховниот суд почитувани пратеници не ја утврдува материјалната вистина. А за начинот како е носена одлуката во Врховниот суд, кои методи на притисок се вршени во Врховниот суд, пред се од доскорашниот претседател на Врховниот суд е посебна приказна и за тоа мислам дека не треба да коментирам.

Почитувани пратеници, целокупната оваа игра одиграна во институциите на системот во Агенцијата за приватизација, во судовите завршувајќи со пресуда во Врховниот суд, верувајте наликува на некој мафијашки филм од типот “Беше еднаш во Америка”, меѓутоа за жал тоа се случи во Република Македонија и тоа не така одамна.

Почитувани пратеници, пред вакви нешта мислам дека не смееме да молчиме. Ќе мора и енергично да се залагаме институциите на системот безпрекорно да ни функционираат за вакви нешта да не ни се случуваат, за да може граѓаните во истите тие институции да веруваат. Едноставно кажано ние како пратеници а и јавноста ќе мора да ја дознаеме вистината и посебно ќе треба да се залагаме за функционирање на судството за негова ефикасност и навистина за негова независност за да не се случуваат вакви нешта какви што ни се случуваат во текот на целата оваа постапка.

Доколку премолчуваме на фактите и се држиме до непишаното правило, судските одлуки не се коментираат и навистина не треба да ги коментираме, а заради тоа ги премолчуваме постапките на поедини судии, секогаш ќе имаме можност да ни се служуваат скандалозни судски процеси, да имаме скандалозни судски пресуди на кои правниците ќе ни се смеат и ќе не уверуваат дека тоа не е така, ќе имаме неефикасно и за жал, корумпирано судство.

А нашите заложби овде од Парламентот, од устата скоро на секој пратеник за функционирање на правната држава очигледно ќе ни бидат само празни зборови. И верувајте, по онаа народната “никому ништо, пак кабаетлија”, кабаетот ќе биде и во нас пратениците.

Почитувани пратеници, и ние и јавноста ќе мораме да ја дознаеме вистината за целокупната приватизациона постапка на ПОС АИК “Лозар” Битола. Мора да знаеме дали во текот на приватизационата постапка институциите на системот правилно одлучувале. Доколку не одлучувале правилно, ќе мора секој да ја понесе одговорноста. Едноставно ние мора да ја дознаеме вистината. Од вистината нема бегање и пред неа секој ќе ја наведне главата.

Затоа, ние предложивме ваква информација и предложивме вакви заклучоци какви што предложивме.

ЛИЛЈАНА ПОПОВСКА:

Благодарам.

Има збор господинот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Благодарам госпоѓо потпретседателке,

На почетокот морам да поставам едно прашање, една дилема пред Парламентот во смисла на тоа дали Парламентот, дали ова Собрание може да претставува место каде што ќе се расправа за право на сопственост на управувачки пакет на акции не само за “Лозар” Битола, кој што го имаме сега на дневен ред преку оваа Информација, туку и за сите други компании.

Самиот факт што овде се дискутира дали некој субјект има или нема право на сопственост на акции на одредена фирма ја девалвира позицијата на Собранието како законодавен дом, како законодавна власт која треба да биде одвоена и од извршната и од судската власт. Не знам од каде произлегува правото на Парламентот да расправа и да ги коментира судските одлуки, особено што се работи за Одлука на Врховниот суд на Република Македонија. Она за што може и треба да расправа овој Парламент, тоа е прашањето за тоа како е можно во оваа држава и по неколку години откако сопственикот на акции ги купил акциите на најлегален и легитимен начин, преку берзата за хартии од вредност, акции за кои сопственикот дал свои парични средства, сеуште има дилеми и проблеми во нивното користење.

Но не е само “Лозар” доказ за несериозноста и непочитувњето на правото на сопственост. Земете го како пример и она што денес актуелно се случува со “ЕМО” - Охрид, таму Комисијата за хартии од вредност, после две години, поништува берзанска трансакција затоа што нејзините членови не знаеле од каде им биле парите на купувачите на акции. Такви има и други примери. Такви се примерите со Конфекцијата “Вера Јоциќ” од Македонска Каменица, каде што сопственикот дошол од Германија, ги вложил парите што ги заработил таму, купил акции, но државните органи долго време не само што не му овозможиле да управува и раководи со фирмата, туку и директно влијаеле за нарушувањето на нејзината работа.

Суштината на сите овие случувања и вакви случувања е пропаѓањето или тешките последици за работењето на овие фирми, кои долго време трпат штети по нивната деловна активност и натрупуваат долгови заради овие причини. Уште повеќе, на овој начин се нарушуваат и односите меѓу вработените, тие се делат на табори, подржувачи на една или друга група и се овозможува или поттикнува процесот на дезинвестирање. Се појавуваат разни, кобајаги, синдикални барања кои се поддржани од органите на извршната власт или од одделни центри на политичка моќ и се користат како покритие за заземање на раководни позиции и користење на средствата и имотот на овие фирми од страна на овие поединци или групи.

Ваквиот третман на приватната сопственост има и многу потешки и пошироки последици не само за овие фирми, туку и за целокупната економска атмосфера во Република Македонија, преку фактот што на овој начин се покажува дека не постои почитување на законите, дека има колективна примена на законите, како и на овој начин се јавуваат директни економски штети преку замирањето на вкупната инвестициона активност во Република Македонија.

На една од претходните седници преку пратеничко прашање побарав информација од Министерството за внатрешни работи во кои се случаи, по доаѓањето на новата власт, интервенрирало Министерството за внатрешни работи заради состојби во одредени фирми. Верувајте, таа информација која што ми беше дадена, беше од неколку страни и скоро да немаше град во Република Македонија каде што немаше вакви случувања. Факт е дека во Република Македонија на овој начин се уништува бизнис атмосферата, се уништува можноста на оние кои се занимаваат со отворање нови работни места, со создавање профит, со создавање на некакви инвестициони можности за Република Македонија да го прават тоа на сигурен и законски начин, затоа што во секој момент се изложени на разни притисоци, во секој момент ако некоја фирма не и одговара на некоја гарнитура или на одреден центар на политичка моќ, во таа фирма се пуштата инспекции кои чешлаат од пред десет години наназад, наоѓаат неплатени давачки од некои втори или трета раководства од порано, кои за тоа апсолутно ништо не плаќаат. Сега сите оние кои ги купиле тие фирми треба да ги платат систе давачки, а од друга страна оние фирми кои се подобни или блиски до тие центри на политичка моќ, тие можат да работат на најнормален начин, тие можат да ги користат средствата од Буџетот, за нив нема проблем при наплатата на средствата од државните фондови, од јавните претпријатија.

Затоа, еве уште еднаш како пример ќе го земам “ЕМО” Охрид, фактот што Електростопанство сеуште му нема платено огромен износ на средства, а од друга страна се прават обиди за уништување на оваа фирма или случајот со “Лозар”, каде што долго време се остава простор на нерешена ситуација на работење, кое навистина неможе никако да се подведе под бизнис работа, затоа што работењето преку синдикални сметки и плаќањето данок знаеме како оди.

Зборуваме за принципиелни работи, независно дали оваа фирма ја купил овој или оној. Во Република Македонија, ако сакаме да разговараме за иднината на Република Македонија, треба да разговараме само во тој правец, со создавање

бизнис атмосфера, со создавање неприкосновеност на правото на сопственост и на имотот и на акциите и на сето она што претставува почитување на законите во Република Македонија, во правец на нормална и успешна работа на стопанските субјекти.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам.

Повелете, господине Томе Тромбев, имате збор.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Почитуван претседателе, почитувани пратеници,

Јас најнапред би сакал да го поздравам вчерашното отпочнување со работа на погонот на "Пелистерка", каде што двете страни најдоа заеднички јазик во Битола, се во интерес на задржување на капиталот во фирмата и да не се дозволи понатамошно руинирање на самата фирма која што е од интерес на двете страни, независно која страна  на крајот на постапката ќе биде победник или поразен.

Моите колеги, господинот Најдовски и Петковски, кои што заедно ја дадовме оваа Информација, многу добро го елаборираа проблемот и во стварност го кажаа и коренот на проблемот, а тоа е бодирањето од страна на Комисијата на Агенцијата за приватизација и тие 200 и кусур бодови кои што се доделени повеќе на едната страна, кој што пак проблем, понатаму завлегува во правниот лавиринит, и на крајот правдата тешко го наоѓа патот.

Тука се надоврзува, на крајот таа постапка, и една пресуд на Врховниот суд која што нема да ја коментирам, меѓутоа, ќе кажам дека е без преседан во македонското судство. И тука би требало нашите заложби како парламентарци во секој случај да ги направиме, да изградиме правна држава. Сите сме толку гласни во настојувањето да изградиме правна држава и главно да биде правото, кое што во повеќе случаи  некогаш е и имагинарна категорија.

Оттука, се надевам дека Јавниот правобранител на Република Македонија ќе ја спроведе постапката во наредниот период и конечно вистината за овој спор помеѓу двете страни ќе излезе на виделина и ќе се знае која страна е таа која што цело време имаше право.

Ви благодарам.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Се додека коментираме судски одлуки, тешко ќе изградиме првна држава.

Повелете господине Караџоски, а потоа нека се подготви госпоѓа Којзеклиска.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван претседателе, колеги пратеници,

Да беа колегите предлагачи на оваа Информација Слободан Најдовски, Томе Тромбев и Борче Петковски правници, сигурно, можеби, немале да поднесат една ваква информација затоа што би знаеле дека оваа Информација е чисто беспредметна. Но со оглед дека не се правници, нормално, еве, ни доставиле некоја информација со одреден предлог заклучоци.

Јас мора да кажам и да потенцирам дека можеби сега правиме и преседан. Прв пат во историјата на Собранието на Република Македонија се дрзнавме како Собрание да коментираме судски одлуки. И тоа е она за кое, почитувани колеги, се залагате цело време за независно судство. Ако на овој начин, по пат на некаква деловничка форма изразена во вид на некоја информација, за која што информација треба да дискутираме како работел судот, и кои судии какви одлуки носеле, навистина се донесуваме во правец онаму каде што никој овде не сака. Да кажувате во предлог заклучоците што треба да работи Републичкиот совет и со тоа да му давате сугестии, исто така, е директно мешање во институциите на системот.

Јас би ве потсетил, почитувани колеги, дека Републичкиот судски совет како институција е утврдена со Уставот на Република Македонија и како таква е независна во својата работа. Има и закон, и се знае како Републичкиот судски совет работи. Не би сакал да ви одземам време и да ви држам предавања како Републичкиот судски совет работи, меѓутоа, ако ние овде како претставници, пред се, на политички партии, му сугерираме што треба тој да направи во конкретниот случај тоа е директно мешање во третата власт. А, таков е еден од заклучоците. Дали Републичкиот судски совет ќе покрене постапка за одговорност на некој судија не треба Собранието да каже. Тоа е, пред се, оцена на самиот Републички судски совет во однос на оние поплаки и во однос на онаа анализа која што тој ја прави за работата на судиите.

Дали некоја судска одлука на нас како пратеници ни се допаѓа или не, исто така не е наша работа. Тоа е работа на судството. Тука почитуваниот колега Борче Петровски во неговото излагање кажа дека за вистината треба да се прозбори и

дека вистината треба да ја знаат граѓаните. И јас сум за тоа. Меѓутоа, се поставува прашањето кој е тој што треба да ја каже вистината. Дали Собранието на Република Македонија е место каде што се утврдува вистината? Не е така. Собранието на Република Македонија, почитувани колеги, е законодавен дом. Собранието на Република Македонија, паралелно со тоа што е законодавен дом, е и највисок политички орган на Република Македонија. Значи, носи политички одлуки и носи закони. Собранието, исто така, е претставнички дом на граѓаните на Република Македонија, изразени со тоа што гласаат, овој пат на пропорционални листи и каде што овде доминираат политички партии. Собранието на Република Македонија никогаш не било место каде што се утврдува вистината. Каде се утврдува вистината, почитувани колеги? Вистината се утврдува исклучиво во судот.

И сега, ако се залагаме граѓаните да ја разберат вистината и да ја сватат, односно дознаат, нека ги читат судските пресуди. Нека ја пратат работата на судовите, затоа што и таа работа е јавна. Кој е лично заинтересиран може да присуствува на секое донесување на пресуда, а исто така може да ги чита таму каде што јавно се објавуваат. Меѓутоа, местото каде што се утврдува вистината исклучиво е судот во онаа постапка утврдена со закон.

Овде, во овој дом, со тоа што секој ќе си искаже свои размислувања и свои ставови и да се вадат заклучоци врз основа на тоа, така не се доаѓа до вистината. Така се доаѓа до политички одлуки. Тоа е едната работа.

Втора работа: ако ја прочитате Информацијата, ќе видите дека се прави некоја ретроспектива за се она што се случувало во “Лозар” Битола и повеќе од 50% во самиот текст се коментираат сите одлуки кои што ги носеле одредени судови - основни, апелациони, врховни и тн.

Јас ве прашувам, почитувани колеги, особено вие што ја поднесовте Информацијата, со кое право ги коментирате и ги приложувате пресудите, па дури и одредени докази за кое овде ние треба да расправаме. Јас не сакам да навлезам апсолутно, и никогаш не сум го правел тоа одовде, од ова место, да анализирам и да коментирам дали некоја судска одлука е ваква или таква. Дали е правична или не е правична, во секој случај постои, закон кој што кажува дека правосилните судски одлуки треба да се почитуваат. Дали некоја одлука на Врховен суд има некој право да ја коментира, тоа си е негово право, меѓутоа,  секој треба да ја почитува затоа што тоа е највисока инстанца. Дали нас ни се допаѓа што ќе направи Уставниот суд

од оние закони што ние ги носиме, ние може да си коментираме до утре сабајле, меѓутоа, мора да ја почитуваме. Уставниот суд е тој што може да укине и закон.

Дали треба да се покрене одговорност за работата на одредени судии, па, почитувани колеги, има институција, и ние како Собрание учествуваме тука со предлогот кога ги именуваме, кога ги разрешуваме судиите и тоа може да се прави на тој начин. Меѓутоа, да не заборавите, да не ги прескокнуваме работите. Не да и упатуваме на Владата да преземи мерки или на Републичкиот судски совет. Ако такви пропусти има, вие, односно ние како пратеници ќе добиваме предлог за разрешување на судија, па и во Битола ако работел на овој случај, со аргументи кои што ги утврдил Републичкиот судски совет. Но пак напоменувам, место каде што би се утврдила одговорноста на тие судии е исклучиво Републичкиот судски совет, а тој во постапка и во процедура ќе утврди дали тој судија се огрешил во она што го работи.

И затоа, ако ние денеска почнеме, а почнавме, со ваков вид на информации, со вакви проблеми кој што не е единствен, ако сега ние се вратиме на се што е приватизирано во Република Македонија и да кажеме од наш аспект дека во сите случаи грешеле судовите, тие одлуки биле вакви или такви, дека Владата треба да ги преиспита сите одлуки на Агенцијата која што ги носела, каде ќе завршиме. Точно, каде ќе завршиме, ќе има ли крај.

Конкретно, состојбата во “Лозар” Битола, можеби, не би ни ескилирала, доколку токму политички не се дејствуваше таму. Не бевме малку сведоци кога гледавме кој се таму во протестите стои. Стоеја и пратеници, стоеше и градоначалник на одредена политичка структура, кога беше опозиција, стоеја и кога се позиција и со самото тоа нивно присуство се укажува која страна треба да се завземе. И зборуваме за независно судство! Да се ставите како пратеник на страна на некој што штрајкува за одредена одлука тоа е директно мешање во работата на судството.

Да се ставите на страна како пратеник на страната на оние кои што протестираат, а во исто време државата со своите институции спроведува судска одлука која е правосилна. Значи, да се ставите во таква функција, тоа е исто така мешање во инстуциите на системот. И оваа Информација која што сега ја поднесувате, исто така е мешање во работата на она што не е наша работа. Јас не можам, а да не кажам дека ова се прави од сосема друга причина. Не е целта почитувани предлагачи, дека на овој начин саката да ја запознаете јавноста, целта е

евтин, како што ќе кажат овде многу други, политички маркетинг, целта е да се ослободиме можеби од она што сме ветувале, нели имаше многу ветувања кога дојдовте на власт, меѓу другото можеби ветивте дека ќе ја преиспитате одлуката за приватизацијата на :Лозар", па можеби не само што ќе ја преиспитате, туку ќе ја насочите како треба да биде приватизирана. Арно ама, што се случи? Тие истите што ги бодревте на истите им пративте полиција. Вие од кога дојдовте на власт, не ВМРО-ДПМНЕ. Значи, од две страни различни ви се аршините и сега кога немаме аргументи како тоа да му го објасниме , ама ние се залагавме кога бевме опозиција дека ќе ја преиспитаме, сега ние ви праќаме полиција да се спроведе судската одлука. Така е.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Караџоски ве молам за Информацијата, јас ви ја разбирам поентата но задржете се на Информацијата.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Претседателе, апсурд е да се задржува човек на Информација која блага врска нема со она што е работа на Собранието. Јас ги кажувам мотивите за кои што апсолутно и не треба да дискутираме овде.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, и ќе ја завршиме дискусијата со вас. Јас ќе ја затворам расправата околу ова .

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

То е ваше право претседателе , мое е да го кажам.И еве и јас ќе ја завршам дискусијата.

Уште едно, значи овде се постави прашање да испитаме, да утврдиме и да разговараме дали институциите во оваа држава работат правилно. Ако тоа право го имаме ние како пратеници да го правиме, да го правиме, меѓутоа не го правиме ние, си има за се закони и се знае како се испитува работата на институциите кој како што работел. Зборувам за суд, зборувам за обвинителство итн. Ние како пратеници единствено што можеме да побараме одговорност од Владата за она што го работи, до колку сметаме дека е неодговорно и она што можеме да го направиме е да побараме интерпелација од одредениминистри итн. или носител на јавна функција.

Тоа ние можеме да го правиме , а не да коментираме и да изнесуваме овде судски пресуди и да насочуваме што треба да работи Судот.  Ако тоа го направиме, ако тоа го дозволиме тогаш незнам зошто ни е потребен судот.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Благодарам г-дине Караџоски.

Почитувани пратеници можеби ќе бидам храбар,  можеби ќе бидам безобразен , можеби ќе бидам и арогантен но за да го заштитам Уставот , за да го заштитам Собранието, за да го заштитам судството како независни со одредени свои функции, јас тука ја затворам расправата и не давам никому збор.

Ве молам пратениците да влезат во салата, ќе пристапиме кон гласање.

Затоа што влеговме во води кои што не се ингеренции на Собранието. Имам право да не давам збор? Имам право.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

По кој член од Деловникот?

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

По тој што претседателот дава и одзема збор. Јас на сите другите го одземам зборот.

Процедурално има пратеникот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Претседателе, сметам дека правите преседан во работата на Собранието на Република Македонија , со тоа што си земате за право да ја прекинете дискусијата по оваа точка, значи да им го одземете правото на пратениците кои што легално се пријавени, особено има и од ВМРО-ДПМНЕ, има и од СДСМ  и сметам дека воопшто не држи вашата одлука. Впрочем, јас незнам ни по кој член е поткрепена од Деловникот на Собранието. И затоа барам да им дозволите на пратенците да се изјаснат и да го кажат своето мислење. Во спротивно ние ќе ја напуштиме седницата.  Мислам, нема логика веќе да седиме тука. Бидејќи вака ќе испадне дека сме некоја гласачка машина.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Самиот г-дин Караџоски потврди дека тоа е мое право, јас имам право тоа да го направам по членот каде што се вели: претседателот дава и одзема збор. Се бориме за нешто што значи не мешање во судство, дигнитет на Собранието, а и опозицијата и позицијата тоа очигледно меѓу редови максимално го користи тоа да го прави. И јас од тој аспект сметам дека понатаму е излишно да се дискутира.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Г-дине претседателе, јас кажав од говорница дека вие имате право да постапите како што сметате. Меѓутоа, вие не треба да црпите од мене како да се однесувате. Вие треба да гледате што пишува во Деловникот. Значи, ако веќе еднаш Деловникот е прекршен со самиот факт што оваа точка влезе на дневен ред. Имавте сугестија од одредени пратеници дека со ставањето на оваа точка на дневен ред се врши упад во судската власт. Вие тогаш не реагиравте вака, туку го ставивте на гласање, мнозинството одлучи да се расправа. Дали јас сметам дали ова треба да се разгледува или не, тоа е моја дискусија. Јас процедурално ништо не ви реагирав. Сметам дека немате право согласно Деловникот да одземате збор на пријавени кандидати кога веќе не ни прозбореле. Вие можете како претседател да го одземете зборот само до колку бегаме од темата и тоа до колку три пати не опомените. А тоа што таму пишува дека имате право да давате и одземате збор, да, но  само во случај кога тоа е утврдено со Деловник. И немојте да го злоупотребувате правото, затоа што навистина си ја реметите позицијата на која што седите.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Добро, г-дине Караџоски, тогаш ќе пристапам кон една друга деловничка можност.

Ги молам предлагачите дали ќе ја повлечат информацијата? Значи, предлагачите не ја повлекуваат Информацијата.

За реплика се јави г-динот Томе Тромбев.

ТОМЕ ТРОМБЕВ:

Од дискусијата на г-динот Караџоски, јас би сакал да напомнам дека  ние не прејудицираме решение во нашата Информација. Меѓутоа, би сакал да кажам колку е непринципиелен во однос на неговите ставови, а особено ќе го вратам назад по

точката каде што се дискутираше за Информацијата за внатрешно раселените лица каде што г-динот Караџоски ги бранеше заклучоците на Анкетната комисија кои што се потпишани од г-динот Андов каде што во точка 4 вели, Републичкиот судски совет да превземе мерки за почитување на уставните принципи итн. Значи, во нивната Информација може РСС да се инволвира, а тука не може. Нека ми извини.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Почитуван претседателе, почитувани колеги пратеници,

Врз основа на тоа што го кажа претседателот на Собранието, значи заради зачувување на уставноста и почитување на Уставот на Република Македонија , и немешање во судската власт и вршење притисок врз РСС и она што го кажа колегата Караџоски, образложувајќи ја Информацијата и преседанот кој може да се направи во Собранието на Република Македонија , барам од предлагачите да ја повлечат Информацијата.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Процедурално, повелете. Во што е процедурата? Еве, се повлеков, грешам . Во што е процедурата сега прекршена.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Се надевам дека согласно Деловникот побарав процедурално, имам право да зборувам. Сакам да го цитирам само членот 75 од Деловникот за да нема дилеми. Значи, зборуваме за решение на оваа ситуација во која што се доведе Парламентот. Значи, претседателот претресот по ..

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Стојановски, се повлеков, признав дека згрешив и готово. Процедурално заврши.

Повелете г-дине Србиновски вие имате збор.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Дозволете да се доискажам. Јас не ве обвинувам вас ништо. Сакам да се доискажам. Не ме оставивте што сакам да кажам. Процедурално зборувам за деловничка работа.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Не мислев да се јавам и јас исто по оваа точка, бидејќи мислев дека за право на сопственост да ги коментира судските одлуки овој Парламент, незнам колку има право. Претходниот дискутант Борче Петковски она што кажа за мангупи, многу навредливо делуваше. Мислам не се присутни тука тие луѓе што работат во “Лозар”, мангупи, криминалци, треба јавно да се извини, не треба да кажува дека се мангупи, затоа што тие ја направија линијата, тие го обновија, тие ја реновираа визбата, цела земјоделска механизација обновија и сите лозови насади ги направија за да се задржи тој општествен капитал и за да може некој да го купи. Мислам дека не е фер од негова страна  што ги нарече мангупи итн. Меѓутоа, сакам да кажам дека трансформацијата на претпријатијата со општествен капитал од аспект на Парламентот се исцрпува со носење на законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, како и Законот за измени и дополнувања на тој Закон. Дури и да се предложи и усно измени на Законот за трансформација на претпријатијата со општествен капитал, не може да важи за овој случај бидејќи се повредува уставното начело за неважење т.е. законите неможат да се применуваат ретроактивно. Од друга страна било какво расправање на Парламентот по судски одлуки, значи мешање на законодавната во третата независна судска власт. Впрочем, колку што сум информиран во Судот се вели: постапката по тужба на Јавниот правобранител за преиспитување на оваа приватизација Што ќе одлучи судот, тоа е и мериторно и меродавно. Ако некој сака од колегите од Битола и пред локалните избори сака да добие поени пред граѓаните од Битола и околијата ова не е успешно, колку што е неуспешно со случајот ТАТ.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

За реплика се јави г-динот Борче Петковски.

БОРЧЕ ПЕТКОВСКИ:

Немам намера на бандитите воопшто да им се извинувам. Еднаш бандит, секогаш бандит.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Г-дине Петковски, внимавајте на вокабуларот.

БОРЧЕ ПЕТКОВСКИ:

Можеби е преблаг зборот. Колега Србиновски, ако воопшто знаете што е правна држава, таа правна држава ќе функционираше во изминатите 4 години додека бевте на власт. Вие функциониравте исклучиво онака како што големата ѕверка налагаше. И затоа се донесени такви одлуки во Агенцијата за приватизација. Единствен криминал е направен исклучиво таму. И таму треба да се бара одговорноста и да не ги изврtувате тезите дека зборуваме за судски одлуки или незнам што,. Јасно кажав дека судските одлуки принципиелно нема да ги коментирам. Меѓутоа, постапките на поедини судии и пред нив да молчам, тоа нема да го правам. И тоа е задача на секој пратеник, постапките на поединци не смееме да ги занемаруваме, бидејќи не не водат никаде.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Контра реплика, г-динот Србиновски.

ИЛИЈА СРБИНОВСКИ:

Пратеникот повторно вулгарно се изразува пред овој Парламент, меѓутоа на него нека му остане, дали ќе им се извини, или не, тој нека си одлучи. Меѓутоа не треба да ги нарекува бандити и криминалци. Меѓутоа, сега кога се работи за овој случај, тој значи сам си ја негира и Владата, институциите на системот сам си ги негира. Во време на владеење на СДСМ за овој случај се одлучува. Па таму тргна раководството и старото раководство и новото раководство си ги презедоа работите и сега треба работите да одат напред. Значи, само се креваат тензии, ништо друго.

ДРАГО ШАЈНОВСКИ:

Фактот што денеска на седницата во Собранието имаме една ваква Информација е доказ дека власта на СДСМ и ДУИ е прерасната во еден режим и тоа режим сватен во најгрубото значење на тој збор. За што всушност станува збор овде. “Лозар” беше приватизиран по сите важечки закони во државава, но насилието на вработените во “Лозар” поткрепено од сегашните власти овозможи нивно незаконито работење веќе две години. За да несреќата биде поголема претседателот на Македонија сегашен, тогашен претседател на СДСМ во предизборната кампања 2002 година, отиде во”Лозар” и како во убавите времиња на

самоуправувањето им вети дека фабриката ќе им ја врати во нивни раце. Но, аргументите кои што беа доставени пред судовите сигурно беа такви што тие донесоа судски одлуки какви што донесоа. Незадоволна од ваквите одлуки власта на СДСМ преку своите пратеници овде се обидува сега да ги заплашува и да ги дисциплинира и судиите и обвинителите и државните органи итн. Ако се залагаше за правна држава оваа власт уште со нејзиното доаѓање веднаш ќе постапеше по пресудите и ќе забранеше нелегално работење на работниците во "Лозар". Напротив, значи оваа власт го поттикнуваше самоволието, незаконието во оваа фирма, како што го прави во сите фирми во кои што после 15 септември насилно влезе преку штрајкувачки одбори, преку работници и го уништи македонското стопанство.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и ги молам пратениците да влезат во салата за да гласаме по Информацијата.

За да поминеме на следната точка, има уште време да се повлече Информацијата за да не гласаме.

Ги молам пратениците да влезат во салата за да пристапиме кон гласањето.

(пратениците на ВМРО-ДПМНЕ ја напуштија седницата)

ЈАНИ МАКРАДУЛИ:

Во име на пратеничката група на СДСМ барам 15 минути пауза за консултации.

ЉУПЧО ЈОРДАНОВСКИ:

Објавувам пауза од 15 минути.

Значи, продолжуваме со работа во 16,15 часот.

(по паузата)

Ги молам пратениците да влезат во салата.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Бидејќи немаме кворум за работа, тука ја завршуваме денешната расправа.

За продолжување на оваа седница ќе бидете дополнително известени.

(Седницата прекина со работа во 16,10 часот)